# ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ “ 11 ОКТОМВРИ “ - КУМАНОВО

ул “ТОДОР ВЕЛКОВ” бб

*email:* oou11oktomvrikumanovo@gmail.com

**“Да се родам десет пати, десет пати би бил учител, бидејќи навистина нема позначајна и поплеменита титула од учителската титула“**

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

***за период од 2011 до 2013 година***

***ВОВЕД***

**Залагањето за воспоставување на систем на квалитет е неопходно во сите подрачја на човековото делување и работа. Бидејќи образованието е многу важен фактор на развој на секое општество во целина, од огромно значење е да се применува систем кој ќе го контролира квалитетот на работата на сите постоечки образовни нивоа.**

**Заради тоа, утврдувањето и унапредувањето на квалитетот на училиштата се одвива преку процесите на екстерна и интерна евалуација.**

**Согласно Законот за основно образование, член 147, во ООУ"11 Октомври" Куманово, се изготвува Самоевалуација како документ за интерна проверка на квалитетот на севкупната воспитно-образовна работа.**

**Предмет на самоевалуација беа седум клучни подрачја кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето и во секоја област работеше посебна група наставници:**

**1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**
**2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**
**3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА**
**4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**
**5. ЕТОС ( училишна клима)**
**6. РЕСУРСИ**
**7. РАКОВОДСТВО, КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

***Во секое подрачје групата наставници работеше по однапред изготвени индикатори кои го мерат квалитетот на работата на училиштето, а како извори на податоци користеа: интервју, прашалници (анкета) за ученици, родители, наставници, увид во педагошката евиденција и документација, анализа на документи, разговори.***

**Образованието е она што спие во душата. На нас е да им овозможиме на децата да ги развијат своите потенцијали. Тоа што детето може да биде зависи од возрасните. Со лоши методи дури и добрите книги и добрите учители стануваат бескорисни.**

**Томасио**

## Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

# Подрачје 1.0. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

***За квалитетна настава законска обврска на воспитно образовниот персонал е да изготвува квалитетни наставни планирања, а воедно и да ги следи сите новини во воспитно образовната работа и успешна реализација на наставните планови и програми.Вклученост на учениците во реализација на воннаставните активности, а со тоа и поголема афирмација на улилиштето во оштината и пошироко.***

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **1.1** | **Реализација на наставните планови и програми** | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Планирање на активности за реализација на слободни часови/проектните активности на училиштето<br>-План на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко - стандарди<br>• Реализација на проширени програми<br>-Интегрирање на еколошки содржини од еколошката програма за работа на училиштето |
| **1.2** | **Квалитет на наставните планови и програми** | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите ( меѓупредметни) цели на образованието<br>• Влијание на наставниците и родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми<br>-Влијание нанаставниците, родителите и социјалните партнери во интегрирање на еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето |
| **1.3** | **Воннаставни активности** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со воннаставни активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставни активности<br>• Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставни активности |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Обем и разновидност, опфатност, вклученост и афирмација на учениците во изработка на Анализата на состојбата на животната средина<br>• Обем и разновидност, опфатност, вклученост и афирмација на учениците во изработката на Планот на активности и реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко- стандарди |

## Индикатор 1.1. *Реализација на наставни планови и програми*

| | |
|---|---|
| Теми: | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Планирање на активности за реализација на слободни часови/проектните активности на училиштето<br>-План на активности за реализацијанаеколошкипроекти и точки на акции од воспоставените еко - стандарди<br>• Реализација на проширени програми<br>- Интегрирање на еколошкисодржини од еколошката програма за работа на училиштето |
| Извори на податоци | |
| • **Наставни планови и програми донесени од МОН и БРО**<br><br>• **Насоки добиени од БРО за организација и реализација на наставата**<br><br>• **Годишни, тематски и трематско- процесни планирања на наставниците**<br><br>• **Процедура за следење** | *Наставните планови и програми во ООУ„11Октомври"се изработени во согласност со донесените програмски документи од МОН и БРО и истите во целост се реализираат од страна на сите наставници.*<br>*Воспитно образовниот персонал пред почетокот на учебната година изготвуваат годишни,тематски и тематско – процесни планирања по сите наставни предмети во согласност со наставниот план и програма (задолжителни, изборни, дополнителна, додатна настава и СУА).Планирањата на сите наставници се изработени според насоки за организација и реализација на наставата по препораки добиени од БРО и ги содржат сите предвидени програмски подрачја за успешно реализирање на наставниот процес. Истите ги доставуваат кај педагогот на училиштето најдоцна до 10 септември во печатена и во електронска форма.Преку соодветен инструмент и процедура за следење на планирањата на наставници педагогот најмалку двапати во текот на учебната година ги следи планирањата на наставниците.Секој од наставниците од одделенска настава самостојно изготвува планирања, додека голем број наставници од предметна настава работат тематски планирања, а помал дел тематско-процесни планирања.*<br>*Наставниците од одделенска настава од I-III одд. од оваа учебна година ќе работат математика и природни науки по адаптирани наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембрич (Cambridge International Examination Center).За таа цел педагогот и сите наставници од прво до трето одделение посетија обука по која ќе ја* |

| | |
|---|---|
| **на планирања на наставниците** | *реализираат новата наставна програма.*<br>*Сите одделенски и класни раководители на часот за одделенска заедница ја реализираат програмата за Животни вештини.*<br>*Во одд.настава во целост се планира и реализра дополнителната и додатната настава, додека голем дел од наставниците од предметна настава ова настава ја планираат но поради различни причини ( просторни услови, голем број на часови од редовна настава, време и сл.) неможат во целост да ја реализираат.* |
| • **Анкета со наставници, родители и ученици**<br>• **Нормативни акти на училиштето**<br>• **Педагошка евиденција и документација**<br>• **Записници Совет на родители**<br>• **Записници од родителски средби**<br>• **Интрервју со директорот**<br>• **Записници од Наставнички совети**<br>• **Записници од стручните** | *Училиштето преу Совет на родители, родителски средби, Училишен одбор, брошура за родители и сл. ги информира родителите за целите на наставните планови и програми,критериумите и стандардите по кои ќе работат учениците во текот на учебната година.Оваа констатација е потврдена и од поголем број анкетирани родители (43) од вкупно 50 родители кои исто така имале можност да пристапат и на веб страната на БРО ([www.bro.gov.mk](http://www.bro.gov.mk)).На истото прашање од вкупно 58 анкетирани ученици 46 се изјасниле дека наставниците на почетокот од учебната година редовно ги запознаваат со натавните планови и програми, со темите,со критериуми и стандардите по кои учениците ќе учат во текот на учебната година и истите се истакнати во секоја училница,а воедно имаат можност да ги разгледаат и на веб страта на БРО. Мал дел од наставниците вршат целосна и соодветна евиденција во записниците од одржани родителски средби( информираност на родителите за критериуми и стандарди) во одделенските книги.Во училиштето има изготвено процедура преку која се информиратат членовите на Совет на родители и останати родители на родителските средби на почетокот на учебната година за целите на наставните планови и програми што се реализираат во учебната година. Исто така голем дел од учениците 48 се изјасниле дека наставниците на почетокот на учебната година ги запознаваат со темите кои ќе ги изучуваат за секој предмет пооделно.*<br>*Тимот за деца со посебни потреби има изготвено годишна програма за работа со оваа категорија, но нема прилагодени програми за работа со деца со посебни образовни потреби по сите наставни предмети.Мал дел од наставниците имаат изготвено прилагодени програми за работа со овие деца.Стручната служба на Стручен актив има оддржано предавање на тема:„Деца со ПОП"со што сите наставниците од одд. и предм. настава се запознаени со начини на идентификација, работа со децата и водење на ИОП за ученици со потешкотии во совладувањена на наставниот материјал.*<br>*Од оваа учебна година нашето училиште е вклучено во пилот проект под покровителство на Влада на Р. Македонија финансиран од USAID „Инклузија на деца со ПОП во редовна настава". За таа цел стручната служба,директорот, 1 наставник од одделенска и 1 од предметна натава беа на прв дел од обуката , за што ќе следат обуки во текот на годината и реализација на проектот во нашето училиште.*<br>*Педагогот, директорот, наставник по Етика и 1 одд.наставник беа вклучени во обука која беше* |

| | |
|---|---|
| **активи**<br><br>• **Годишна програма на**<br><br>• **Програма за деца со ПОП**<br><br>• **Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми**<br><br>• **Покани за учество на семинари**<br><br>• **Извештаи од анкетирани родители, наставници, ученици**<br><br>• **Застапеност на изборни предмети по паралелки**<br><br>• **Насоки добиени од БРО за избор на изборни предмети**<br><br>• **Постапка за избор на изборни предмети** | *реализирана од ФООМ на тема:„Партиципативност во училиштата" -предавачи професори од Педагошки факултет од Словенија.По обуката во училиштето спроведено е акциско истражување на тема: „Работа со ученици од 6 одд.на дополнителна настава кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал преку индивидуална и индивидуализирана настава преку изработка на ИОП за секој ученик".Во истражувањето вклучени беа наставници од 6 одд.под раководство на стручната служба од декември 2013 год. до мај 2014г. Секој наставник имаше изготвено посебно за секој ученик ИОП со прилагодени цели.Следејќи ги постигањата на овие ученици дојдовме до заклучок дека ИОП,индивидуалната и индивидуализирана настава вроди плод кај овие ученици при што голем дел од нив покажаа повисок успех и знаења.Ова потврдува дека училиштето има потреба од соодветна едукација на наставниците за работа со деца со ПОП, примена на соодветни методи, форми, средстваи техники за работа. заклучивме дека работа со индивидуален и индивидуализиран пристап даде повисок успех и знаења кај учениците кои беа вклучени во дополнителна настава.*<br>*Голем број од анкетирани наставници се сложуваат дека наставните програми треба да бидат прилагодени спрема индивидуалните можности на учениците.*<br>*Училиштето како средина со голем број на деца со потешкотии од најразлична природа има поднесено барање до МОН за потреба од дефектолог за работа со оаа категорија деца.*<br><br>*Во огласност со Насоки за организација и реализација на наставата добиени од БРО за избор на изборни предмети педагогот на училиштето изготви постапка за избор на изборни предмети и истата во потполност ја спроведува со почитување на потребите и барањата на учениците.На учениците и родителите во месец мај им се нудат анкетни ливчиња со по три изборни предмети според наставниот план и програм и спецификите на локалната средина.Учениците имаат можност да изберат еден од понудените предмети спрема своите афинитети, желби и интереси. Од спроведена анкета со родители 47од вкупно 50 се изјасниле дека училиштето на учениците и родителите им нуди анкетни ливчиња за избор на изборни предмети. Во учебната 2011/12 год. Во одделенска настава изборна настава се одвиваше по предметот Работа со компјутери во III,IV, Vодд.( по препораки од МОН).Во предметна настава се изучуваа следниве предмети:*<br>*1.VI одд.- Класична култура во европскта цивилизација*<br>*2.VII одд.-Истражување на родниот крај*<br>*3.VIII одд.Проекти од информатика и Проекти од ликовно образование*<br>*4.VIII одд.Програмирање*<br>*Како втор странски јазик учениците во 6 одд. избраа да изучуваат германски и француски јазик.*<br>*Во учебната 2012/13 год. Во одделенска настава изборна настава се одвиваше по предметот Работа со компјутери во III,IV, Vодд.( по препораки од МОН).Во предметна настава се изучуваа следниве предмети:* |

| | |
|---|---|
| • **Дневници на паралелките**<br><br>• **План на активности од еко проект**<br><br>• **Закон за основно образование**<br><br>• **Записници од работата на секциите**<br><br>• **Интегрирани планирања на наставници во редовна настава**<br><br>• **Програма со системски промени добиена од БРО во согласност со МОН** | *1.VI одд.- Класична култура во европскта цивилизација*<br>*2.VII одд.-Истражување на родниот крај, Танци и народни ора.*<br>*3.VIII одд. Проекти од информатика и Проекти од ликовнс уметност*<br>*4.VIII одд.Програмирање*<br>*Како втор странски јазик учениците во 6 одд. избраа да изучуваат француски јазик и германски јазик.*<br>*Во учебната 2013/14 год. Во одделенска настава изборна настава се одвиваше по предметот Работа со компјутери во III,IV, Vодд.( по препораки од МОН).Во предметна настава се изучуваа следниве предмети:*<br>*1.VI одд.- Класична култура во европскта цивилизација*<br>*2.VII оддТанци и народни ора*<br>*3.VIII одд.Проекти одинформатика, Проекти од ликовна уметност*<br>*4.VIII одд.Програмирање*<br>*Како втор странски јазик учениците во 6одд. избраа да изучуваат германски и француски јазик.*<br>-План на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко - стандарди<br>*Во училиштето има изработено План на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти и точки на акција од воспоставените еко- стандарди како анекс на Годишната програма. Според планот се анализира состојбата и се реализираат еко акции. Планот одговара на потребите и структурата на нашето училиште.*<br>Реализација на проширени програми<br>*Во училиштето се реализира проширена програма- прифаќање и заштита на учениците еден час пред и по завршување на часовите за редовна настава во согласност со родителот.Програмата е законска обврска на училиштето кој редовно се спроведува почитувајќи ги можностите и потребите на учениците.Истата се реализира со ученици од прво до трето одд. во централнои подрачните училишта, а опфаќа прифаќање, дружење,помош во изготвување на домашните задачи и подготови за одење дома, средби со родители, игра и сл.*<br><br>Интегрирање на еколошкисодржини од еколошката програма за работа на училиштето<br>*Сите наставници од одделенска и предметна настава имаат изготвени интегрирани еколошки содржини во часовите од редовна нсатава согласно можностите што го даваат наставните предмети со поставени цели и точки на акција од воспоставените еко- стандарди со кој се анализира состојбата и се реализираат еко-акции.*<br>*Преку тимска работа, помош на послабите ученици, за пристојно однесување и дисциплина, преку избор до ооделенска заедница, разговор за работни и културни навики, почитување на правилата за однесување во училницата и училиштето, се влијае на личниот и општествениот развој на учениците, без разлика на полот и етничкото потекло.* |

## Идикатор 1.2. *Квалитет на наставните планови и програми*

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите ( меѓупредметни) цели на образованието<br>• Влијание на наставниците и родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми<br>-Влијание нанаставниците, родителите и социјалните партнери во интегрирање на еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето |
| Извори на податоците | |
| • **Записници од Стручни активи**<br>• **Анкета со наставници, родители и ученици**<br>• **Интервју со директор**<br>• **Програма за МИО**<br>• **Одделенски дневници**<br>• **Нормативни акти**<br>• **Разговор со наставници - родители**<br>• **Записници од активи на наставниците** | Наставниот план и програма во целост го помага личниот и општествениот развој на учениците. Училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање на сите предмети од одделенска и предметна настава во однос на стандардите за оценувањето и водење на електронска документација. Од страна на БРО и МОН се организирани семинари за едукација на наставниците со следење и примена на сите новини во воспитно- обазовниот систем.<br>Во училиштето постојат активности( работилници, групни дискусии) од областа на развивање на мултикултурализмот, почитувањена различноста и основните човекови права од аспект на полова и етничка припадност.<br>Од 2012/13 год.училиштето е вклучено во втора фаза од проектот„ Меѓуетничка интеграција во образованието" .Тимот за МИО изготви план на активности за 2013014 год, но поради неодобрен финансов план на партнер училиштето од „Јероним Де Рада"активностите остануваат да се реализираат наредна учебна година 2014/15 год.<br>Преку реализацијана Животни вештини зголемена е мултикултурната сензитивност и рамноправност кај учениците.Покрај проектот за меѓуетничка интеграција во образованието во училиштето се реализираат и уште неколку проектии преку кои учениците соработуваат, се дружат, учат и ги почитуваат разликите помеѓу себе тоа: Интегрирање на Ромите во образованието, Еко- проект, Права на детето,проекти од ФООМ и сл.<br><br>Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>*Училиштето ги прилагодува наставните планови и програми со одликите на локалната средина ,така што одделни натавни предмети се дополнуваат со одредени специфични карактеристики за нашата заедница.Тоа посебно се однесува на одбележување и учество насите значајни датуми и манифестации, културно – историски настани, различнинатпревари, проекти и настани од областа на науката и културата.Поголем дел од наставниците во своите планирања* |

| | |
|---|---|
| <ul><li>**Записници од Наставнички совет**</li><li>**Интервју со директорот на училиштето**</li><li>**Анкета со наставници, родители, ученици**</li><li>**Програма со системска промена добиена од БРО, во согласност со МОН**</li><li>**Интервју со директор**</li><li>**Записници од Стручни активи**</li></ul> | *имаат интегрирано соодветни содржини прилагодени на потребите на локалната средина и нејзините обележја.По предметите македонски јазик,историја, биологија, истражување на родниот крај, наставниците работат и содржини за запознавање на учениците со позначајните празниците кои се прославуваат во Републиката: 8 Септември, 11 Октомври, 11 Ноември, Нова Година,Божиќ,Велигден, Ден на дрвото, Ден на екологија и др).*<br><br>*Во одделенска настава кај сите наставници постои затапеност на интегрирање на наставните содржини меѓу предметите. Интеграцијата претходно е испланирана во тематските планирања на наставниците со претходно поставени цели, методи, форми, наставни средтва и време на реализација. Додека во предметна настава поради голем фонд на часови, помала соработка меѓу наставниците од предметна настава, помала е можноста за интегрирање на наставните содржини.*<br><br>*Поради секојдневното соочување со потешкотии и проблеми при реализција на наставните планови и програми, преобемниот фонд на часови и негативните ефекти врз учењето и психофизичкиот развој на учениците, а и секојдневните реакции и сугестии од родители и ученици се покрена иницијативата за изменување и дополнување на наставниот план и програм од страна на предметни и одделенски наставници, поддржана од членовите на Совет на родители до МОН и БРО.*<br>*Родителите неможат воцелост да влијаат на нивните промени и истите 36 сметаат дека се преобемни за деца*<br>*Од спроведена анкета со 49 наставника, 27 се изјасниле дека наставниот план и програм е преобемен за учениците.Исто така поголем број наставници сметаат дека материјалот што го изучуваат учениците е преобемен и не е прилагоден на бројот на часовите.*<br><br>Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери во интегрирање на еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето<br>*Во реализирање на сите активности од Еко проектот активно учество земаат родителите, наставниците и социјалните партнери кои со своите предлози и идеи допринесува за поуспешна реализацијата на програмата.* |

## Идикатор 1.3. *Воннаставни активности*

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со воннаставни активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставни активности<br>• Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставни активности<br>• Обем и разновидност, опфатност, вклученост и афирмација на учениците во изработка на Анализата на состојбата на животната средина<br>• Обем и разновидност, опфатност, вклученост и афирмација на учениците во изработката на Планот на активности и реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко- стандарди |
| Извори на податоци | |
| • **Програма за Воннаставни активности**<br>• **Програма за СУА**<br>• **Евиденции на наставници**<br>• **Анкета со наставници, родители и ученици**<br>• **Разговор со директорот**<br>• **Разговор со ученици, наставници и родители** | *Училиштето планира и речиси во целост ги реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат интересите, желбите и потребите на учениците. Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставнна активност во зависност од нивните желби и можности не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус.*<br>*На учениците им се нудат избор на секции по своја желба и способности што е потврдено и од анкетета со кој се изјасниле 48 ученика за слободен избор на секции од анкетирани 58 ученика.*<br>*Поголем дел од наставниците имаат изготвено план на активности за реализација на СУА ,водат евиденција за ученици кои ја посетуваат оваа натава и редовно евидентираат во одделенските дневници.*<br>*Во нашето училиште постојат следниве секции:*<br>*Од второ до петто одд.:ликовна, драмска, рецитаторска*<br>*Од шесто до 8 одд.:ликовна, млади физичари, математичари, спортска, историска,млади географи,љубители на анлискиот јазик и сл. музичка секција, млади биолози..*<br>*Учениците секогаш се стимулирани и подржани од училиштето и наставниците да учествиваат на локални и државни натпревари и манифестации, и со подршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво, а со тоа да го афирмираат училиштето.Хорско-оркестарски смотри 2912 г. Прво местото, општински натпревар по физика„Technosciene 2011/12 год. Прво и второ место, општински натпревар по рецитирање прво место, „Мојата учителка, мојотучител 2012/13 год прво и второ место, нтпреварпоматематика„Кенгур" второ место,општински натпревар ФУТСТАЛ 2013/13 год. прво место, зонско првенство ФУТСТАЛ* |

| | |
|---|---|
| <br><br><br>• **Педагошка евиденција и документација**<br><br><br>• **Евиденција на СУА**<br><br>• **Програма за дополнителна и додатна настава и СУА**<br>• **Пофалници**<br><br><br>• **Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>• **Благодарници и пофалници на ученици и наставници**<br><br><br><br>• **Разговор со педагошко-психолошка служба**<br><br>• **Анкети**<br><br>• **Анализа на резултати**<br><br>• **Анализа на состојбата наживотна средина** | *прво место, државен натпревар ФУТСТАЛ прво место 2013/14 год.манифестација „Спорт да-дрога не" 2013/14 год., атлетика трчање 100 и 300 м. 2013/14 год.маскенбал „Батко Ѓорѓија"2013/14 год,. најдобар настап, регионаленнатпревар по биологија 2013/14 год. прво и трето место, општински натпревар по математика трето место 2013/14 год.*<br>*Тимот за прослави и манифестации во училиштето има изготвена програма за одбележување на повеќе активности и манифестации во училиштето, а и на локално ниво. Како што се ( 8 Септември, 11 Октомври, 11 Ноември, Нова Година, Ден на дрвото, Екологија и др).*<br>*Од спроведена анкета со 50 родители 26 се изјасниле дека вонниставните активности недоволно го афирмираат нивното дете и го поддржуваат неговиот личен,социјален и професионаленразвој.*<br>*Анкетата спроведенаа со учениците потврдува дека од 58 анкетирани ученика 42 се изјасниле дека од нивното одделение ученици со ПОП не земаат учество во реализација на СУА.*<br>*Голем дел од родителите исто така би сакале нивното дете да оди на чсовите за СУА со деца од друга етничка припадност.*<br>*Преку реализација на воннаставни активности се потигнува подобрување на успехот, покажување на поголем интерес и афинитет за одредени области, зголемување на нивната креативност, јакнење на самодоверба, подобрување на мултиетнички односи, дружење, сопствена афирмација и афирмирање на училиштето преку натпревари, конкурси, спортски натпревари, учество во разни емисии на локални медиуми и на оние во Републиката.*<br><br>*Со помош, подршка на еко-одборот, учениците членови на еко-секцијата и Училишната заедница изготвуваат Анализа на состојбата и врз основа на истата се изготвуваат активности и точки на акција во Планот на активностите. Во спроведување на активности учениците земаат редовно учество под водство на своите наставници.Во училиштето редовно патролира еко патролата и ја следи состојбата во училниците, холот и школскиот двор.* |

***Клучни јаки страни***
***1.Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски доументи од МОН и истите се реализираат во пропишан обем.***
***2.Училиштето редовно ги информира членовите на Совет на родители, другите родители на родителски средби, учениците за целите и наставните планови и програми што се реализираат.***
***3.Постапката за избор на изборни предмети се спроведува во целост со родителите и учениците***

***Слаби страни***
***1.Нецелосна реализација на дополнителна и додатна настава во предметна настава.***
***2.Делумна евиденција за критериуми и стандарди во записници од оддржани родителски средби во одделенски дневници.***
***3.Потреба од дефектолог во училиштето.***
***4.Едукација на наставниците за работа со деца со ПОП.***

**ПОДРАЧЈЕ: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

# “ЧЕКОР ПО ЧЕКОР КОН ПОДОБРИ РЕЗУЛТАТИ”



## Идикатор 2.0. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

***Училиштето води посебна грижа за следењето на постигањата на учениците преку формативно и сумативно оценување. При оценувањето наставниците ги земаат во предвид стандардите и критериумите за оценување , а стручната служба навремено изготвува анализи од кои се изведуваат заклучоци и препораки за понатамошната работа. Јавно и свечено се пофалувани и наградувани најдобрите ученици од секое одделение со цел потикнување за постигање на подобри резултати.Во иднина училиштето трба да превземе мерки за поголем опфат на ученици кои живеат на реонот на училиштето,а се запишуваат во другите училишта во градот.За подобрување на постигањата на сите ученици потребно е обезбедување на обуки за работа со деца со ПОП.***

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 2.1 | **Постигања на учениците** | • *Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, според наставни предмети и според квалификациони периоди*<br>• *Подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност*<br>• *Идентификација на ученици со потешкотии во учењето, на надарените ученици и на ученици со посебни образовни потреби*<br>• *Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна / додатна настава*<br>• *Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование*<br>• *Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците* |
| 2.2 | **Задржување / осипување на учениците** | • *Опфат на учениците*<br>• *Редовност во наставата*<br>• *Осипување на учениците*<br>• *Премин на ученици од едно училиште во друго* |
| 2.3 | **Повторување на учениците** | • *Ученици кои не ја завршуваат годината* |

## Идикатор 2.1. *Постигања на учениците*

<table>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2">
<ul>
<li>Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, според наставни предмети и според квалификациони периоди</li>
<li>Подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност</li>
<li>Идентификација на ученици со потешкотии во учењето, на надарените ученици и на ученици со посебни образовни потреби</li>
<li>Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна / додатна настава</li>
<li>Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование</li>
<li>Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците</li>
</ul>
</td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">
<ul>
<li>Дневник на паралелките</li>
<li>Анализи на успех</li>
<li>Досиејата на учениците</li>
<li>Евидентни листови за успех и поведение</li>
<li>Прегледи за успех</li>
<li>Споредбени прегледи од резултати од оценувањето</li>
</ul>
</td><td>
Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците според пол и етничка припадност, по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди. Се изработуваат прегледи за успех по пол и етничка припадност. Постигањата на учениците се следат и при премин од 5 во 6 одделение (премин од одделенска во предметна настава) со изработка на споредбени анализи. Од учебната 2012/2013година се започна со екстерно електронско тестирање на учениците од четврто до осмо одделение по два наставни предмети.Од извршената анализа од страна на педагошко-психолошката служба може да се заклучи дека најголем број отстапувања за една оценка има во оценките на учениците од осмите одделенија, а најмал број во оценките на учениците од четвртите одделенија.Бројот на отстапувања од три оценки е многу мал и тоа само кај четири оценки. Најголем број на оценки кои се совпаѓаат со оценките од наставниците и електронското тестирање е присутен кај оценките на ученицте од седмите деветгодишни одделенија.<br>
Во иднина треба да се води сметка да има помалку отстапувања од оценките дадени од страна на наставниците со оние што учениците ќе ги добијат на електронско екстерно тестирање.<br>
Податоците за постигања на учениците според пол со кои располага нашето училиште покажуваат дека учениците од женски пол покажуваат подобар успех.<br>
Нашето училиште претставува мултиетничка средина и во истото учат вкупно 611 ученика или 287 Македонци, 195 Срби, 128 Роми и 1 ученик од друга националност.<br>
Од анализите на успех со кои располага нашето училиште се забележува значително послаб успех кај учениците од ромска етничка припадност, додека ученици Македонци и Срби се со приближен среден успех.<br>
За илустрација од сите ученици од четврто до осмо кои се бројчано оценети со одличен успех се 162 ученика од кои 60 машки и 102 женски, а по национален состав 98 Македонци,
</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| <ul><li>**Полугодишен и годишен извештај**</li><li>**Записници од Наставнички совет и Одделенски совети**</li><li>**Записници од стручни активи**</li><li>**Анкети со наставници, родители и ученици**</li><li>**Интервјуа со партнери од НВО сектор**</li><li>**Годишна програма за работа и Извештај за работа на училиштето**</li><li>**Извештаи од стручна служба**</li></ul> | *61 Срби и 3 Роми. Со многу добар успех се 120 и тоа 65 машки и 55 женски од кои 53 се Македонци, 49 Срби и 21 Ром, со добар успех се 104 од кои 62машки и 42 женски, 48 ученици се со доволен успех и тоа 39 машки и 12 женски од Ромска националност. Вкупно без слаби се 434 ученика,60 ученика се со слаби од кои 4 се задржани во исто одделение .Слабиот резултат на ученици од ромска етничка припадност се должи на нередовноста на учениците поради сезонска работа (на почеток и на крај од учебната година), иселување во странство – азил,делумно непознавање на македонскиот јазик, низок степен на образование или родители без образование, кои не се во можност да им помогнат на своите деца.*<br>*За надминување на овој проблем (опфат, успех и редовност на ученици Роми) со кој нашето училиште се соочува секоја година, училиштето има остварено соработка со ромски невладини организации и тоа: НРЦ со кои соработуваме на полето опфат и упис на ученици Роми, „Кхам" која работи на туторинг активности (изучување на македонски јазик, здравствена едукација, поддршка во пишување на домашни задачи и подготовка за следен училишен ден) како продолжена рака на ромските семејства и која на учениците Роми им обезбедува дел од потребниот училишен прибор и работи на интеркутурална едукација на учениците и наставниците преку изработка на интеркултурални курикулуми се со цел создавање основа за почитување на разликите и позитивна училишна клима.*<br>*За постигања на учениците родителите се информираат преку организирање на родителски средби, индивидуални консултации во утврдените термини за консултации, делење на евидентни листови и свидетелства.*<br>*За подобрување на постигањата на учениците, дел од наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари со што се постигнуваат резултати (активни методи на работа во групи, тимска работа, разговор, презентација и демонстрација, употреба на ИКТ во наставата). Со тоа часовите мотивационо делуваат на учениците, комуникацијата е на повисоко ниво и се остварува поголема помош од наставниците.*<br>*Во оценувањето најголем дел од наставиците применуваат јавно и транспарентно формативно следење и оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност.*<br>*Поголем дел од наставниците им обезбедуваат поддршка на редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби и надарени ученици, избирајќи активности за задоволување на индивидуалните стилови на учење, поставувања на барања по тежинско ниво и слично.*<br>*Средниот успех на учениците кои на крајот од учебната година се бројчано оценети изнесува 3,80 и е за 0,09 подобар во однос на истиот период од минатата година 3,71.*<br>*Училиштето има систем за идентификација на ученици кои имаат тешкотии во учењето, како и ученици со посебни образовни потреби. Идентификација на овие ученици се врши преку тестирање при упис во прво одделение, идентификација од страна на наставниците и со* |

| | |
|---|---|
| • **Разговор со стручна служба**<br><br>• **Програма за додатна и дополнителна настава** | *нив работат на дополнителна настава, дел од наставниците водат и индивидуални планови за работа со ученици кои имаат тешкотии во учењето и ученици со посебни образовни потреби. Освен наставникот пријавените ученици се следат и од страна на педагошко-психолошката служба преку тестирање на читање во 2 одделение, разговор со родителите, увид на семејните односи, соработка со Центар за социјална работа, евиденција од наоди и мислења од лекар и комисија за категоризација.*<br>*Учениците кои се посебно се истакнуваат преку додатна настава се подготвуваат за натпревари.*<br>*Наставниците по секој предмет имаат изготвено програма за додатна и дополнителна настава.*<br>*Училиштето нема пропишана политика за хоризонтално и вертикално движење на учениците.* |

## Идикатор 2.2. Задржување / осипување на учениците

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • Опфат на учениците<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго |
| Извори на податоци | |
| • **Податоци и извештаи од психолошко /педагошката служба**<br><br>• **Податоци од одделенски раководители, одделенски дневници**<br><br>• **Податоци од административна служба (секретарот) и главна книга** | *Училиштето односно педагошко-психолошката служба има изготвено процедура за запишување на првачиња кои се обврзници на наш реон.Располага со податоци за опфат на ученици (список н деца родени во општината) од реонот и сите активности се одвиваат во период април/мај. Исто така пополнува табели со податоци од општинскиот список добиени од просветната инспекција за секое дете – обврзник (тука спаѓа преселба, промена на адреса и др.).*<br>*За опфат на сите ученици училиштето превзема различни активности како што се: покани за родителите, флаери, соопштување кое се истакнува на видно место во училиштето и на интернет страницата Kumanovo.news, посета на семејства од страна на наставниците, посета на семејства од страна на НВО – партнери на училиштето, посета на градинка „Синоличка", утврдување на термини за комисиска проверка на подготвеност на децата за училиште, пополнување на листа со основни податоци на детето и слично.*<br>*Доколку некој од родителите не се јави на поканата, нашето училиште соработува со стручните служби од другите училишта на ниво на општината и доколку се констатира дека детето од општинскиот список е запишана во друго училиште за истото се известува просветната инспекција од општината.*<br>*Училиштето ја следи редовноста на учениците според пол и етничка припадност и изготвува споредбени анализи во однос на претходната учебна година.*<br>*Според пол не се забележува значително отстапување во однос на редовноста.*<br>*Според етничка припадност се забележува значително поголема нередовност кај учениците од ромската етничка припадност во споредба со останатите ученици.*<br>*Нередовноста на учениците Роми се должи на отсуство поради сезонска работа (на почеток и на крај од учебната година) на која одат со нивните родители, иселување во странство – азил, питачење од егзистенциони причини, низок социо - економски статус и субстандардни услови за живеење кои се причина за честите заболувања и слично.*<br>*За надминување на овој проблем училиштето (педагошко-психолошката служба) редовно спроведува анкетирање на учениците и родителите за таргетирање на причините за нередовноста, води разговори и стручни советувања со ученици и родители со направени над* |

| | |
|---|---|
| • **Програма за работа и Извештај за работа на училиштето**<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>• **Списоци на деца од реонот на училиштето**<br><br><br><br><br><br><br><br>• **Известувања МОН и ДПИ** | *десет неоправдани изостаноци,соработува со повеќе НВО-и во општината кои организираат посети на работилници за подигање на свеста за образование, се води континуирана евиденција за отсуствата на учениците и за учениците кои одат во странство и се враќаат од таму, соработка со просветен инспекторат.*<br>*Редовноста на учениците во нашето училиште бележи тренд на подобрување во однос на претходните учебни години,особено кај неоправданото отсуство.Од споредбените анализи со кои располага училиштето неоправдани изостаноци по ученик изнесува 11,16 во учебната 2011/12 година, а 3,90 во учебната 2012/13 година.*<br>*Училиштето го следи осипувањето на учениците, ги анализира причините (најчесто се поради егзистенционални потреби) и во соработка со локалната самоуправа и родителите превзема конкретни активности се со цел намалување на осипување.*<br>*Во учебна 2011/2012 година отсипани е 2 ученика за кои не располагаме со податоци за нивно продолжување на образование, а во 2012/2013година отсипан е 1 ученик.*<br>*Училиштето(педагошко-психолошката служба)има евиденција и ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При премин во друго училиште ги доставува основните информации за образовен развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната работа со ученикот.*<br>*Во учебна 2011/2012 година новодојдени се 8, а во 2012/2013 година 5 ученика од друго училиште.Додека од Тромеѓа во 2011/2012 година придојдени се 22 ученика, а во 2012/2013 година 16 ученика.*<br>*Во учебната 2012/2013 година 22 ученика од Ромска националност по изјави на родителите се заминати во странство и во однос на минатата учебна година, овој број е поголем за 4 ученика(18).* |

## Идикатор 2.3. *Повторување на ученици*

| **Теми:** | • Ученици кои не ја завршуваат годината |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Анализа на успех на учениците**<br>• **Педагошка евиденција и документација**<br><br>• **Записници од Наставнички совети**<br><br>• **Анкети со ученици, родители и наставници**<br><br>• **Закон за основно образование**<br><br>• **Статут на училиштето**<br><br>• **Програма за работа на Училишен одбор** | *Процентот на ученици кои ја завршуваат годината се во постојан раст.Во 2011/2012 година повториле 9 ученика и тоа 7 се од Ромска наионалност, додека во учебната 2012/2013 година повторувал 1 ученик со 10 слаби оцени.*<br><br>*Во училиштето не постојат пропишани процедури за идентификација и анализа на причините за повторување на учебна година, но училиштето го следи и евидентира развојот на учениците кои се нередовни (најчеста причина за повторување на учебната година) и ученици кои покажуваат послаб успех во споредба со останатите ученици.*<br><br>*Според добиените податоци од следење на нередовни ученици и ученици кои послабо напредуваат во споредба со останатите ученици училиштето превзема мерки за намалување на бројот на ученици кои ја повторуваат годината.*<br><br>*Во нашето училиште постои процедура регулирана со Статутот на училиштето, според која учениците што повторуваат можат одлуката да ја обжалат првично до Училишниот одбор, а потоа и до Просветниот државен инспекторат. Училиштето ги запознава учениците и родителите со активностите што ги превзема за поднесување на жалба при повторување на учебната година.* |

***Клучни јаки страни***
*1.Континуирано следење и оценување на постигањата на учениците од страна на наставниците.*
*2.Детектирање и пружање помош на ученици кои имаат потешкотии во учењето.*
*3.Редовно следење и изготвување анализа на постигањата на учениците по квартали и на крајот на учебната година .*
*4.Целосна евиденција за опфат на ученици,редовност во наставата,осипување и премин на учениците од едно училиште во друго.*
***Слаби страни***
*1.Нецелосен опфат на учениците кои се обврзници кои живеат на нашиот реон.*
*2. Слаба мотивираност на учениците за учество на натпревари.*
*3. Недоволна едуцираност на наставниците за работа со деца со посебни потреби и надарени деца.*

**ПОДРАЧЈЕ: УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

## *ПРОСЕЧНИОТ УЧИТЕЛ КАЖУВА, ДОБРИОТ УЧИТЕЛ ОБЈАСНУВА, ПОДОБРИОТ УЧИТЕЛ ДЕМОНСТРИРА А НАЈДОБРИОТ УЧИТЕЛ ИНСПИРИРА *













## Подрачје 3.0. НАСТАВА И УЧЕЊЕ

***Заради квалитетна реализација на наставниот процес, од големо значење е стручното усовршување на наставно - воспитниот персонал од училиштето. Наставниците и стручните соработници континуирано ги посетуваат сите едукации организирани од соодветни институции. Поголем дел од наставниците, редовно применуваат современи методи, форми и техники на работа и оценување на учениците. За подобра промоција на училиштето, потребно е поттикнување и организирање на ученички натпревари. Како приоритетна задача на училиштето во иднина, е да ги мотивира и поттикне учениците од ромска националност за редовно посетување на училиште.***

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 3.1 | **Планирања на наставниците** | • *Индивидуални планирања на наставниците*<br>• *Подршка и следење на планирањата на наставниците*<br>• *Размена на искуства и информации при планирањето*<br>• *Распоред на часови* |
| 3.2 | **Наставен процес** | • *Наставни форми и методи*<br>• *Избор на задачи,активности и ресурси*<br>• *Интеракција меѓу наставниците и учениците*<br>• *Приод на наставникот кон учениците*<br>• *Следење на наставниот процес* |
| 3.3 | **Искуства на учениците од учење** | • *Средина за учење*<br>• *Атмосфера за учење*<br>• *Поттикнување на учениците за преземање одговорност*<br>• *Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето* |
| 3.4 | **Задоволување на потребите на учениците** | • *Идентификување на образовните потреби на учениците*<br>• *Почитување на различните потреби на учениците во наставата* |
| 3.5 | **Оценувањето како дел од наставата** | • *Методи и форми за оценување*<br>• *Користење на информациите од оценувањето во наставата* |
| 3.6 | **Известување за напредокот на учениците** | • *Известување на родителите за напредокот на учениците* |

## Индикатор 3.1. *Планирања на наставниците*

| | |
|---|---|
| **Теми:** | Индивидуални планирања на наставниците<br>Подршка и следење на планирањата на наставниците<br>Размена на искуства и информации<br>Распоред на часови |
| Извори на податоци | |
| • **Годишни, тематски планирања и дневна подготовка**<br><br>• **Процедура за следење на планирањата на наставниците** | *За успешна реализација на воспитно-образовниот процес неопходни се квалитетни планирања од страна на сите наставници, како и нивно имплементирање во процесот на наставата. Во нашето училиште, во учебната 2013/2014 година наставниците се поуспешни и покомплетно ги изработуваат годишните, тематските и дневните планирања, настава од животни вештини, планирања за слободни ученички активности, додатната и дополнителната настава, а голем дел од наставниците и план за соработка со родителите во однос на претходните години. Од оваа учебна година започнавме и со имплементирање на ИКТ во наставата така што секој наставник на почетокот на учебната година заедно со своите планирања доставува и план за користење на електронски содржини кои се издвоени од наставната програма.*<br><br>*Планирањата се даваат на увид кај стручната служба - педагог, која ги чува планирањата на наставниците во посебни досиеја за секој наставник, ги проверува и ги доставува до директорот на училиштето. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците заради задржување на континуитетот и квалитетот на истите. Забелешките од следењето на истите уредно се води со педагошки картони.*<br><br>*Дневните подготовки наставниците ги прават секојдневно, а во нив ја разработуваат наставната содржина што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, групирани според Блумовата таксономија, како и техниките, методите и формите на наставна работа и нагласени се и инструменти преку кои се спроведува оценувањето.*<br><br>*Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата и часот. Сите наставници изработуваат и критериуми за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања, со што на учениците и родителите им се дава до знаење кои цели треба да ги постигнат за соодветна оценка. На овој начин се постигнува поголема транспарентност, јасност и доследност во оценувањето на учениците. Информациите добиени од оценувањето наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.*<br>*Наставниците, стручната служба и директорот планираат активности во рамките на стручните* |

| | |
|---|---|
| • **Разговор со директор, педагог, психолог, наставници**<br><br>• **Прашалник за наставници**<br><br>• **Записници од состаноците на стручните активи** | *активи за сите новини во наставниот процес, нудат подршка на наставниците за изработка и примена на разни инструменти за оценување, разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и друго.*<br>*Кај поголем дел од наставниците, неколку часови во текот на оваа учебна година се следени од стручната служба. Во овие случаи наставниците добиле усна и писмена повратна информација од стручната служба и директорот на училиштето.*<br>*Според анализа на податоците констатирано е дека сите наставници имаат индивидуални / дневни планирања за наставата. Констатирано е дека дневните подготовки на поголема група наставници содржат елементи и од најновите сознанија за очекувања / исходи како и дополнето (нагласено) на кој начин ќе ги оценуваат стекнатите знаења кај учениците.*<br>*Според сознанијата од спроведена анкета (опфатени се 30 наставници, 30 ученици и 30 родители), констатирано е дека во училиштето се работи најчесто тимски и во соработка со други училишта; се разменуваат искуства и информации при планирањето, а содржините се планираат според насоки добиени од БРО.*<br><br>*Со цел изработка на подобри планирања, наставниците разменуваат искуства континуирано и ја подобруваат меѓусебната комуникација преку подготовка на часови, заеднички анализи по одржани часови, соработка со колеги од други училишта и високо образовни институции.*<br>*Според добиените податоци од анкетата, соработката на наставниците со стручната служба е на завидно ниво. Ова се однесува, пред се, во насока на консултации за подготовки за часови за: сертификација, одделни часови и консултации за примена на специфични форми на реализација на наставата.*<br><br>*Целосна поддршка и неопходна помош при изработка на планирањата, како и при реализација на наставата, добиваат и младите колеги (наставници-почетници). Соработката се реализира преку: совети, разговори и идеи од поискусните наставници. Наставниците – приправници "се упатуваат" на реализација на целите предвидени со визијата и мисијата на училиштето.*<br>*Изработување на распоредот на часови за предметна настава е комплексна "работа" (со оглед на големиот број на наставници од предметна настава, како и оние наставници, кои дополнуваат од други училишта). Оваа активност ја превзема наставник од училиштето, во соработка со стручната служба, предметните наставници и директорот.* |

## Идикатор 3.2. *Наставен процес*

| **Теми:** | • Наставни форми и методи<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција помеѓу наставниците и учениците<br>• Приод на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
|---|---|
| Извори на податоците | |
| • **Процедура за следење на плани- рањата и подготовката на наставниот час**<br>• **Процедура за следење на планирањата и подготовка на наставниот час**<br>• **Инструменти за следење на реализацијата и текот на наставниот час** | *За реализирање на наставата, наставниците користат разновидни и современи наставни методи, форми и техники на работа (дијалошка, илустративна, демонстративна, текст метода и сл.), кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Притоа, тие ги користат расположливите ресурси во училиштето.*<br>*Методите кои ги користат се добро испланирани за да работат со учениците индивидуално, во групи или со цела паралелка. На овој начин, наставниците мошне успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и меѓусебна комуникација. Најчести форми и методи кои се користат се: заедничка работа, индивидуална, групна форма, метод на усно излагање, интерпретативно-аналитички метод, метод на истражување, дебата и дискусија, метод на играње улоги, текст-метод, знам, сакам да знам, научив, изготвување листа за аналитичко оценување, метод на цртање, метод на решавање, метод на експеримент и други.*<br>*Наставниците однапред ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат во училиштето или дома, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата.*<br>*При реализирање на наставни форми и методи како ресурси се користат: компјутер, ЛЦД проектор, печатач, училишна табла, текстови, стручна литература, весници и списанија, касетофон, клавир, географски и историски карти, глобус и др.*<br>*Повеќето од наставниците користат различни извори и приоди за учење често се користат и информации од Интернет, до кои учениците доаѓаат преку истражување и истите ги средуваат во финален производ — проект, кој потоа го презентираат пред соучениците.*<br>*Учениците се запознаени со целите на наставата и учењето. Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења. На овој начин се гради доверба помеѓу наставниците и учениците. Најчесто применувани методи на интеракција се: поставување прашања, практична активност, самостојна изработка на проекти, оценување и поттикнување на самооценување од страна на учениците, поттикнување на бура идеи и други.* |

| | |
|---|---|
| • **Евиденција од посета на часови**<br><br>• **Годишни, тематски и дневни планирања**<br><br>• **Годишна програма за работа на директор, педагог и психолог**<br><br>• **Интервјуа со наставници и ученици** | *Со цел да поттикнат пријатна и стимулативна работна клима во училницата, наставниците даваат јавни пофалби на учениците пред целата паралелка, а исто така позитивно се произнесуваат за активните и дисциплинираните ученици на Наставнички совет итн.*<br>*Со оглед на разликите при реализација на наставата, карактеризирање на спецификите е извршено според сознанијата добиени од спроведената анкета меѓу наставници (30), ученици (30, по случаен избор) и родители (30).*<br><br>*Според анализата од добиените податоци: од анкетираните наставници ИКТ во наставата секогаш применуваат 80%, 70% одговориле дека често применуваат ИКТ во наставата, 8% одговориле понекогаш, а само 2% одговориле дека не користат ИКТ во наставата во зависност од предметот кој го предаваат.*<br><br>*Реализацијата на наставата подразбира и мотивирање на талентираните ученици со задавање дополнителни задачи, во зависност од афинитетите на учениците, по одделни наставни предмети.*<br><br>*Според спроведената анкета 78% од учениците одговориле дека содржините на часот секогаш им го задржуваат интересот. Правилниот избор на задачи и активности, за постигнување на предвидените цели на наставата, претставува карактеристика на работењето на поголемиот број на наставници. При изборот на задачи и активности се внимава на овозможување на реализација на активности од различно ниво на сложеност, прилагодени на индивидуалните потреби на учениците.*<br><br>*Во зависност од потребите на наставниот предмет, за успешна реализација на часот, наставниците користат ресурси кои ги има училиштето или пак учениците самите ги приспособуваат, набавуваат. Оттаму 76% од учениците одговориле дека начинот на кој предаваат наставниците секогаш им е интересен и мотивирачки, а 88% од анкетираните ученици одговориле дека часовите се динамични, добро искористени и организирани.* |

| | |
|---|---|
| • **Прашалник за наставници**<br><br>• **Прашалник за ученици**<br><br>• **Прашалник за родители**<br><br>• **Кодекс на однесување и оценување за сите субјекти во училиштето**<br><br>• **Програма за мултикултура** | *За анализа на интеракцијата меѓу наставниците и учениците , учениците биле анкетирани дали / колку се почитувани од страна на наставниците. Речиси сите ученици се изјасниле дека се задоволни од односите на релација наставник-ученик, а исто така задоволни се од односот на наставниците спрема нив.*<br>*Како показател на реалната состојба се анализираат податоците од анкетираните (30) ученици, од кои 81% се изјасниле дека дисциплината на часот секогаш овозможува добра работа, 12% понекогаш, 6%понекогаш, а 1% од учениците одговориле никогаш.*<br><br>*Според сумираните податоци од анкетата, се согледува дека постојат проблеми поврзани со недисциплина и попречување на вообичаениот тек на наставата. Проблемите, од овој вид, ги решаваме на релација ученик – наставник – родител, со другите наставници, стручната служба и директорот на училиштето.*<br><br>*Според анкетираните, 90% од наставниците сметаат дека во соработка со стручната служба успешно ги решиле поголем дел од проблемите, а 77% од анкетираните родители одговориле дека имаат успешна соработка со одделенскиот раководител и стручната служба.*<br><br>*Анкетите укажуваат дека наставниците имаат подеднаков пристап во работата и комуникацијата со сите ученици. Во текот на наставата се иницира и се одржува позитивна атмосфера и коректен однос во средината.*<br><br>*Следење на наставниот процес се врши континуирано и на различни нивоа. За сите субјекти во училиштето постои Кодекс на однесување и оценување. Во училиштето се промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност.*<br><br>*Во текот на првото и второто полугодие, од страна на училишниот педагог, психолог и директорот реализирани се посети на часови кај сите наставници. За посетата на часот се води евидентен лист, а за впечатоците со наставникот се разговара по завршување на часот.*<br><br>*Процесот на сертификација (преку проектот ПЕП) ја поттикна праксата на меѓусебно следење на работата на колегите, со што се подобрува наставниот процес.*<br>*Наставниците меѓусебно се информираат за (карактеристични, посебни) планирани часови, се посетуваат и разменуваат искуства. Тоа доведува до поставување корелација меѓу содржините од различни наставни предмети, со што се овозможува стекнување повисоко ниво на знаење, способности и вештини кај учениците. На тој начин се обезбедува поквалитетна настава и поголеми резултати од работењето.* |

## Идикатор 3.3. *Искуства на учениците од учењето*

| **Теми:** | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Анкета за ученици**<br>• **Анкета за родители**<br>• **Анкета за наставници**<br>• **Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците**<br>• **Кодекс за однесување** | *Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење. Трудовите на учениците се транспарентни и се изложуваат во училниците и во ходниците од училиштето.*<br><br>*Голем дел, 89 % од учениците се изјасниле дека секогаш се вклучени во наставата преку разговори, имаат можност самостојно да размислуваат, да даваат свои предлози и да преземаат одговорност за својата работа.*<br><br>*И анкетата од родителите ги дава истите показатели. Тие сметаат дека училиштето низ организирани форми ги поттикнува и мотивира за меѓусебна соработка и соработка со други субјекти во училиштето.*<br><br>*Наставниците најмногу ги вклучуваат учениците во наставата преку тоа што ги мотивираат самостојно да се истакнуваат, преку постојано прашување и преку изработка на проекти.*<br><br>*Учениците слободно ги изразуваат своите мисли и ставови и со охрабрувања од страна на наставниците се повеќе се мотивираат да што поголем број ученици земаат активна улога во самиот час со работа низ разговор, изработка на задачите, со истражување на разни извори на знаења и преку презентации, што е евидентно од добиените резултати од извршената анкета.*<br><br>*Учениците можат да го искажат своето мислење пред наставниците за одделни прашања и проблеми. Учениците сметаат дека соработката меѓу учениците во училиштето задоволува.*<br><br>*Според анкетата 86% од учениците се изјасниле дека условите во училиштето целосно се соодветни за реализација на наставата, 11% се изјасниле дека се делумно соодветни и 3% дека условите не се соодветни.* |

| | |
|---|---|
| • **Увид во ученички досиеа**<br><br>• **Увид во евиденција на стручна служба**<br><br>• **Одделенски дневници**<br><br>• **Програма за работа на Еко-одборот**<br><br>• **Трудови на учениците** | *Притоа, под услови во училницата, се подразбира: распоредот на клупи, истакнати ученички трудови, компјутери, хигиена и слично.*<br><br>*Организирани форми на поттикнување, мотивирање, остварување соработка меѓу учениците и наставниците, училиштето има за време на Денот на екологијата, Денот на дрвото, Патрониот празник на училиштето, во организирање манифестации по различни поводи, хуманитарни акции, еднодневни и повеќедневни екскурзии.*<br><br>*Од 2011 година училиштето е вклучено во проектот „Еко училиште", за која цел е формиран и Еко-одбор од ученици и наставници. Нивната активност во училиштето се гледа во организирање еко-советувања, изготвување флаери со еколошки пораки, истакнување на видно место на трудовите на учениците кои содржат еко-мотиви итн.*<br><br>*На овој начин се врши влијание врз свеста на учениците за конзумирање здрава храна, чување на природата и околината во која се учи и живее.*<br><br>*Во своите тематски планирања секој наставник во одделни наставни содржини внесува еко-содржина која одговара на наставиот материјал како би се афирмирала еко-свеста кај младите луѓе - учениците.*<br><br>*Во училиштето, низ организирани форми на меѓусебно поттикнување и толеранција, мотивирање се остварува солидна соработка меѓу самите ученици без никаква родова и етничка поделеност.*<br><br>*Учениците ги почитуваат различностите, ја негуваат и потикнуваат соработката. Однесувањето на учениците и наставниците е со меѓусебно почитување и уважување.* |

## Идикатор 3.4. *Задоволување на потребите на учениците*

| **Теми:** | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Анкети за ученици**<br><br>• **Анкети за родители**<br><br>• **Анкета за наставници**<br><br>• **Планирања на наставнците (критериуми и стандарди за оценување)**<br><br>• **Разговор со ученичката заедница, наставниците, родителите**<br><br>• **Увид во евиденцијата на стручната служба**<br><br>• **Дневници на паралелките од одделенска и предметна настава** | *Наставниот кадар и стручната служба систематски ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик. Тие користат разновидни техники за откривање и воочување на образовните потреби на секој ученик.*<br><br>*За своите образовни потреби, учениците разговараат со одделенскиот раководител на одделенските часови, а наставниците разговараат на Одделенски совет, на Наставничките совети и на Совет на родители.*<br><br>*Образовните потреби на учениците се задоволуваат и преку слободен избор на изборни предмети.*<br><br>*Секој ученик има можност да ги истакне своите афинитети со учество во слободните ученички активности. Со ставот дека наставниците имаат индивидуален пристап кон секој ученик, согласно со неговите потреби, целосно се согласиле 69% од наставниците.*<br><br>*Стручната служба на училиштето ги идентификува образовните потреби на учениците преку примена на техники, тестирања, разговори со наставници, ученици и родители.*<br><br>*Стручната служба ова го бележи во работни тетратки, протоколи за набљудувања на час и разговори со родители и наставници, евидентни листи, прашалници и бележници.*<br><br>*Стручната служба ги превзема овие активности за отстранување на пречките во процесот на учење кај учениците: советодавна работа со ученици, родители, наставници, разрешување на проблеми, помош во изготвување диференцирани задачи, идентификување на пречките, разговори, мотивирање и активирање.*<br>*Стручната служба им помага на наставниците во идентификување, отстранување или остварување на образовните потреби на учениците преку разговори, стручна литература, насоки за приод кон ученикот, обработка на теми за стручен актив и соработка во планирањата.* |

| | |
|---|---|
| • **Годишна програма за работа на директорот, педагогот и психологот**<br><br>• **Анкети за изборни предмети**<br><br>• **Годишна програма на училиштето**<br><br>• **Извештај од секции**<br><br>• **Записници од Одделенски и Наставнички совет**<br><br>• **Записници од Совет на родители**<br><br>• **Наставни планови и програми** | *Идентификување и конкретизација на образовните потреби на учениците од предметна настава се врши од страна на наставниот кадар и стручната служба.*<br><br>*Со оглед на поставеноста на ученикот во центарот на вниманието, при реализацијата на наставниот процес, неопходно е и континуирано се превземаат активности за задоволување на образовните потреби, како и изнаоѓање начини за надминување на слабостите во процесот на учење.*<br><br>*Преку низа активности (семинари, обуки и советувања) инволвираните наставници се стекнуваат со способности за создавање услови за исполнување на образовните потреби за сите ученици.*<br><br>*Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: редовна настава, дополнителна настава, додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот, разговор за нивните интереси, индивидуални разговори за разни теми, разговори за проблеми од лична природа.*<br><br>*За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите.*<br><br>*Преку индивидуална работа со ученици / група ученици секој предметен наставник овозможува реализација на содржини за проширување на знаењата на учениците (талентираните и надарените).*<br><br>*На тој начин во училиштето се почитуваат различните потреби на сите ученици и се реализираат во текот на наставните и воннаставните активности.*<br><br>*Од анкетираните наставници 55% секогаш ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на учениците преку диференцирани задачи, 35% често, а 10% од анкетираните само понекогаш ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на учениците.* |

## Идикатор 3.5. *Оценувањето како дел од наставата*

| Теми: | • Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Програма за работа на училиштето**<br>• **Стандарди за оценување**<br>• **Анкета за родители**<br>• **Кодекс на оценување**<br>• **Увид во педагошка евиденција и документација**<br>• **Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, бодовни листи, аналитички и холистички листи, чек листи)**<br>• **Примери на оценети ученички трудови**<br>• **Анкети со ученици и наставници** | *Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Учениците и родителите се запознаени како со стандардите за оценување така и со кодексот на оценување.*<br><br>*Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат описно и бројчано со оценки од недоволен (1) до одличен (5).Поведението на учениците се оценува како: примерно, добро и незадоволително.*<br><br>*Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби, кои се реализираат на почетокот на учебната година, како и за секоја добиена оценка на индивидуалните средби со родителите.*<br><br>*Наставниците посетуваа обука за унапредување на оценувањето на која се запознаа со принципите и стандардите за оценување, како и со видовите оценувања (формативно и сумативно оценување).*<br><br>*Наставниците користат различни инструменти (чел листи, аналитички и холистички листи, листи за следење и оценување на постигањата на учениците, взаемнооценување и самооценување и сл.) и методи за оценување на постигањата на учениците и ги применуваат критериумите за оценување на учениците, при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (формативно и сумативно оценување). 78,6% од наставниците се изјасниле дека користат различни инструменти за оценување на постигањата на учениците, а 88% дека ги применуваат критериумите за оценување на учениците.*<br><br>*Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, заинтересираноста итн. Оттука, добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти. Различните приоди во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.* |

| | |
|---|---|
| • **Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители**<br><br>• **Инструмент за следење и вреднување на работата наставникот за оценувањето на постигањата на учениците** | *Учениците се вклучуваат во процесот на оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања, за што потврдуваат и резултатите од спроведените анкети. Всушност, 73% од учениците одговориле дека оценувањето на наставниците секогаш е транспарентно и праведно.*<br><br>*Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата, за што 73% одговориле со секогаш, а 27% дека често ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето во наставата, а воедно и да ги информираат родителите, стручната служба, директорот за успехот и напредокот во учењето на секој ученик поединечно.* |

## Идикатор 3.6. *Известување за напредокот на учениците*

| **Теми:** | • Известување на родителите за напредокот на учениците |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Електронски дневник**<br>• **Увид во педагошка евиденција и документација**<br>• **Анкети со родители, ученици и наставници**<br>• **Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родител**<br>• **Одделенски дневници**<br>• **Ученички свидетелства**<br>• **Ученичко досие (изработки, чек листи, контролни задачи и сл.)**<br>• **Писмени работи**<br>• **Писмени извештаи**<br>• **Евидентни листови** | *Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, родителски состаноци кои се одржуваат најмалку четирипати годишно, индивидуални средби со родителите.*<br>*Средбите со родителите се добро организирани и на на нив јасно се пренесуваат информациите. На овие средби се разговара за успехот и поведението на учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, за неопходноста од научно знаење, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивни црти на личноста. Вонредните родителски средби се одржуваат кога за тоа ќе се јави посебна потреба. Информации за својот напредок во учењето учениците добиваат преку редовно информирање од страна на нивните наставниците, евидентните листови кои ги добиваат на секои три месеци во кои се наведени оценките добиени по соодветните предмети како и соодветните педагошки мерки и пофалби за нив.*<br>*Родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелстава и дипломи со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес, вклучувајќи информации за: оценките, поведението, педагошки мерки, бројот на изостаноци. Постигањата на учениците се евидентираат и во електронскиот дневник. Со пристап во е-дневникот секој родител може лесно да биде информиран за оценките и редовноста на своето дете, писмените работи и тестовите на знаење, домашните задачи, поведението итн.*<br>*Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, одржува и педагошко-психолошката служба притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на овој проблем.*<br>*Во функција на транспарентноста, е-дневникот ќе биде дел од училишниот веб-портал на кој секој родител ќе може лесно да пристапи и да биде информиран како за оценките и редовноста на своето дете така и за актуелните настани во училиштето, писмени работи и други образовни активности.* |

***Клучни јаки страни***

- ***Планираната реализација и реализација на целокупната настава, подеднаквата мотивираност на сите ученици од страна на наставниците, нивната подеднаква вклученост во сите наставни и воннаставни активности без разлика на полот, етничката припадност, социјалното потекло и различните стилови на учење.***
- ***Отвореност на училиштето за соработка со други институции на локално ниво како и пошироко со цел остварување на ефикасен наставен процес.***
- ***Соработката на наставниците во рамките на соодветните стручни активи за сите подрачја на воспитно-образовниот процес.***
- ***Примената на адекватни методи, форми и техники, компјутерска примена на стекнатите знаења од страна на поголемиот дел на наставниците.***
- ***Застапеноста на тимската работа особено во проектни активности, презентација на проекти и сите др. активности каде може да се примени.***
- ***Училиштето има изградено систем за редовно информирање на учениците, а и нивните родители за нивниот напредок во учењето и оценувањето на нивните лични достигнувања.***
- ***Целосно осовременување на наставата со допремувањето на кабинетите со компјутери преку проектот „Компјутер за секој ученик“.***

***Слаби страни***

- ***Отпор на дел од предметните наставници кон запознавањето и примената настава и ИКТ технологија во наставниот процес.***
- ***Немање на WEB - страница на училиштето каде родителите ќе ги следат активностите на училиштето.***
- ***Недоволната соработка на родителите во однос на доаѓањето на заедничките родителски средби и индивидуалните состаноци.***
- ***Осовремување на наставата во подрачните училиштапреку зголемување на бројот на компјутери, нагледни средства и спортски реквизити.***

**ПОДРАЧЈЕ:ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

## *Од децата за возрасните*

*РАЗГОВАРАЈ СО МЕНЕ, ЗА ДА РАЗГОВАРАМ СО ДРУГИТЕ.*

*СЛУШАЈ МЕ, ЗА ДА ГИ СЛУШАМ ДРУГИТЕ.*

*НЕ МЕ ПОНИЖУВАЈ, ЗА ДА НЕ ГИ ПОНИЖУВАМ ДРУГИТЕ.*

*ПРОСТИ МИ, ЗА ДА ИМ ПРОСТАМ НА ДРУГИТЕ.*

*ПОЧИТУВАЈ МЕ, ЗА ДА ГИ ПОЧИТУВАМ ДРУГИТЕ*

*НЕ МЕ ИСМЕЈУВАЈ,НЕ МЕ НАВРЕДУВАЈ, НЕ МЕ ОТФРЛАЈ.*

*ОД **ТЕБЕ** УЧАМ ЗА ЖИВОТОТ.*

## Подрачје 4.0. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

***Тргнувајќи од Законот за основно образование на Република Македонија, каде што во член 3 стои дека треба да се води грижа за хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците, во училиштето се многу добро изготвени сите потребни документи со кои се предвидуваат можностите и начините за остварување на севкупниот раст и развој на учениците.Од нив произлегува дека за правилно и соодветно формирање на детската личност , се што е предвидено во истите треба да се применува континуирано и во целост од страна на вработените, учениците и родителите.***

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 4.1 | **Севкупна грижа за учениците** | • *Заштита од физички и елементарни непогоди*<br>• *Превенција од насилство*<br>• *Заштита од пушење, алкохол и дрога*<br>• *Квалитет на достапност на храна*<br>• *Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот*<br>• *Грижа за учениците од социјално загрозени семејства* |
| 4.2 | **Здравје** | • *Хигена и заштита од болести*<br>• *Грижа за учениците со здравствени проблеми* |
| 4.3 | **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | • *Давање помош при избор на занимање/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување*<br>• *Грижа за ученици со емоционални проблеми* |
| 4.4 | **Следење на напредокот** | • *Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците*<br>• *Анализа на напредокот на учениците по паралелки* |

## Индикатор 4.1. *Севкупна грижа за учениците*

| **Теми:** | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Закон за основно образование**<br>• **Годишна програма за работа на училиштето**<br>• **Норматив за заштита и безбедност на учениците од ОУ„11 Октомври" Куманово**<br>• **Статут на училиштето**<br>• **Увид во просториите на училиштето**<br>• **Наставните планови и програми по одредени предмети(физика, хемија, физичко и здравствено образование, ТО)** | *Земајќи ја како појдовна точка законската обврска која предвидува севкупна грижа за учениците, во училиштето е изготвен документот: "Норматив за заштита и безбедност на учениците", во кој има многу добро и соодветно пропишани мерки и активности кои се однесуваат на физичка заштита и безбедност на учениците во училиштето за време на наставните и вонnаставните активности.*<br>*Мерките за физичка заштита и безбедност многу добро се спроведуваат во согласност со пропишаниот документ. Училишниот простор е во доволна мера безбеден за изведување на настава и не претставува опасност од повреди за учениците. Обележани се сите потенцијално опасни места како што се: штекери, лизгави површини, струјни места, шахти и др. во ЦОУ и подрачните училишта. Редовно се сервисираат и проверуваат ПП апаратите. Учениците во текот на практичната настава по предметите: ТО, физика, хемија и физичко и здравствено образование вршат експерименти и користат хемикалии, алати, прибор и справи за вежбање само под надзор и во присуство на соодветниот наставник. На влезот во училиштето, влегувањето и излегувањето на сите субјекти го надгледуваат вработените од техничкиот персонал, а за заштита на учениците и вработените во училиштето има поставено камери за видео надзор и служба за обезбедување.*<br>*Исто така, во училиштето има изготвено соодветна Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди, во која многу добро се предвидени сите мерки и активности за заштита на учениците и вработените при загрозеност од земјотреси и урнатини, поплави и уривање на брани, пожари и експлозиви, опасност од свлечишта и лизгање на земјиштето како и од епидемии и заразни заболувања.*<br><br>*Пет наставника од училиштето се обучени за давање прва помош на учениците и имаат соодветни сертификати .*<br>*Симулација за постапување во случај на елементарни непогоди, не е спроведена со учениците и вработените.* |

| | |
|---|---|
| <ul><li>**Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди**</li><li>**Програми за работа на стручните соработници-педагог и психолог**</li><li>**Норматив за дефинирање на сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко, физичко и сексуално насилство**</li><li>**Процедура за начини на реагирање и поднесување на поплаки во случај на насилство**</li><li>**Евиденции за оддржување на работилници на педагогот-психологот**</li><li>**Програма за реализација на животни вештини на одд.часови**</li><li>**Одделенски книги и записници од родителски состаноци**</li></ul> | *Сите облици на однесување на децата и возрасните, кои се сметаат за психичко, физичко и сексуално насилство се целосно и многу добро дефинирани во документот: "Норматив за дефинирање на сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко, физичко и сексуално насилство".*<br>*Со овој документ се запознаени сите наставници, членовите на Советот на родители и дел од учениците.*<br>*Во изготвената процедура за поднесување на поплаки во случај на насилство како и во Нормативот за заштита и безбедност на учениците, соодветно и добро се предвидени мерките за превенција и санкционирање на ваквите појави.* |

| | |
|---|---|
| • **Евиденција за соработка на училиштето со соодветни институции (Центар за социјални работи, МВР и др.)**<br><br>• **Кодекс на однесување за ученици, наставници и родители**<br><br>• **Процедура за регистрирање на појава на пушење, конзумирање на алкохол и наркотички супстанции**<br><br>• **Анализи од спроведени анкети за ученици, наставници и родители**<br><br>• **Програма за работа на Совет на родители и записници од состаноците**<br><br>• **Училишна Програма за грижа за здравјето на учениците** | *Во врска со различните облици на насилство, оддржани се повеќе работилници кои беа многу добро осмислени и реализирани од психологот на училиштето со учениците од 7а,8-8б,6а,5б, 8-8в и 7б одд.*<br>*Со родителите на учениците од 2а одделение и со мешана група на родители од одделенска настава, исто така се одржани работилници и тоа во врска со:*<br>*намалување и спречување на насилничко однесување и разбирање и разрешување на конфликти.*<br>*На одделенските часови од "Животни вештини" во сите одделенија се оддржани работилници од класните раководители за безбедност и насилство меѓу врсниците. Соодветни и добро организирани работилници беа одржани од психологот во рамки на советувањето со родителите, за стилови на родителство и поттикнување на самодовербата и самопочитта кај децата . Исто така, на редовни индивидуални и групни средби со повеќе родители педагошко-психолошката служба целосно и јасно укажува на последиците од несоодветното и агресивното однесување на поедини ученици кои предизвикуваа различни конфликтни ситуации.*<br>*Во текот на оваа учебна година, во училиштето континуирано се одржуваа активности од проектот „Безбедни училишта" кој е на ниво на Општината и се реализира во соработка со МВР.*<br><br>*Училиштето добро и редовно соработува со Центарот за социјални работи, МВР, Медицински центар и други институции кои се стручно екипирани и можат да помогнат во случаи на насилство и злоупотреба на децата.*<br><br>*На ниво на училиштето, во Кодексот за учениците, наставниците и родителите и во Процедурата за регистрирање на појава на пушење, конзумирање на алкохол и наркотички супстанции, има добро и јасно пропишани правила кои се однесуваат на дистрибуција и користење на цигари, алкохол и други штетни супстанции.*<br>*Во текот на оваа учебна година, во сите осми одделенија се оддржани активности на одделенските часови (дискусии, дебати и размена на мислења) кои се однесуваат на штетноста од користењето на цигари, алкохол и дрога.*<br><br>*За да се види каква е состојбата во училиштето во врска со безбедноста, конфликтното или насилничко однесување спроведена е анкета во текот на месец април, со која се анкетирани учениците, родителите и наставниците. Од добиените податоци произлезе следново:*<br>• *Учениците во голема мера се дружат меѓу себе;*<br>• *Тие, во најголем број мислат дека нивното одделение е само понекогаш сложно;*<br>• *Поголем број од анкетираните ученици сметаат дека во нивните одделенија има деца со кои останатите не се дружат;* |

| | |
|---|---|
| <ul><li>**Годишен извештај од работата на училиштето**</li><li>**Уверение за имплементиран систем за безбедност на храна**</li><li>**Програма за грижа за здравје на учениците на ниво на училиште**</li><li>**Евиденција за здравствените проблеми на учениците**</li><li>**Евиденција за ПОП**</li><li>**Евиденција на ученици чии родители се невработени и примаат социјална помош**</li><li>**Процедура за обезбедување на материјални средства за ученици чии семејства се социјално загрозени**</li><li>**Годишна Програма од ПЦК, записници и извештај од работата**</li></ul> | <ul><li>*Учениците се чувствуваат безбедно на училиште;*</li><li>*Според нивните искази, на училиште секогаш учат како да си помагаат и да соработуваат едни со други;*</li><li>*Проблемите што учениците ги имаат на училиште, секогаш ги решаваат заеднички;*</li><li>*Учениците, според нивните изјави се чувствуваат разбрани во врска со нивните потреби и проблеми од страна на вработените во училиштето;*</li><li>*Од нивните одговори се гледа дека се чувствуваат слободни да побараат помош од наставниците и педагошко-психолошката служба во училиштето;*</li><li>*Исто така, учениците во училиштето се чувствуваат сигурни од насилство, злоставување и користење на наркотички средства.*</li></ul>*Од анкетираните родители се добиени следниве одговори:*<ul><li>*Учениците се чувствуваат безбедно и сигурно на училиште;*</li><li>*Според мислењето на родителите, учениците во училиштето секогаш учат да соработуваат и да си помагаат едни на други;*</li><li>*Истите сметаат дека наставниците многу често ги разбираат проблемите и потребите на нивните деца и дека тие и педагошко-психолошката служба им пружаат соодветна помош секогаш кога за тоа има потреба.*</li></ul>*Наставниците од училиштето, во врска со безбедноста и односите мешу учениците го кажале следново:*<ul><li>*Учениците често се дружат меѓу себе, а тие им помагаат да развијат вештини за соработка и помош;*</li><li>*Наставниците сметаат дека учениците се чувствуваат сигурно и безбедно на училиште;*</li><li>*Во најголем број, наставниците ги разбираат потребите и проблемите на учениците и се трудат да најдат заедничко решение со нив.*</li></ul>*Добиените податоци од анкетирањето укажуваат на тоа дека во училиштето треба да се продолжи и продлабочува ваквиот начин на работа со сите релевантни субјекти.*<br><br>*Училиштето нема услови да им подготвува храна на учениците. Затоа, се распишува тендер на кој се јавуваат заинтересираните понудувачи на бели пецива. Од нив комисијата го избира оној понудувач кој нуди најквалитетни пецива. Неколку години наназад во училиштето се набавуваат бели пецива од ДПТ „Златен клас Милован ДОЕЛ" кој има Уверение за имплементиран систем за безбедност на храна- под бр.05/29.*<br>*Во училиштето, редовно се разговара и им се укажува на учениците за важноста и значењето на здравата исхрана за нивен правилн раст и развој.Потребно е планирање и реализирање на определени работилници со нив, на кои на различни начини и со различни активности ќе им се овозможи формирање на правилни ставови за значењето и важноста на здравата исхрана во животот на човекот.* |

| | |
|---|---|
| | *Во училиштето нема ученици кои имаат телесни пречки во развојот.*<br><br>*Заради социјалната загрозеност на неколку семејства, кои не се во состојба да им обезбедат услови за следење на наставата на своите деца, во училиштето во неколку наврати спроведени се добро организирани и осмислени акции од хуманитарен карактер и собрани се пари и облека со кои им се помогна на овие ученици.*<br><br>*Исто така, од невладините организации со кои соработува училиштето, дониран е училишен прибор кој им беше поделен на сите деца кои потекнуваат од семејства со низок социјален статус.* |

## Идикатататор 4.2. *Здравје*

| **Теми:** | • Хигена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми |
|---|---|
| Извори на податоците | |
| • **Увид во училишниот простор**<br><br>• **Развоен план на училиштето**<br><br>• **Записници од Наставнички совет**<br><br>• **Програма за екологија и интегрирани планирања на наставници**<br><br>• **Анализа на животна средина**<br><br>• **Записници од оддржани состаноци на Тимот за екологија**<br><br>• **Програми за здравствена заштита на ниво на училиште и поединечно од секој одделенски наставник и класен раководител** | *Пред неколку години, во училиштето се реновирани ВЦ- ата за учениците, меѓутоа поради несоодветно однесување на учениците кон училишниот инвентар, дел од нив се доста оштетени (одлепени плочки, скршени врати, оштетени и неупотребливи казанчиња за вода, скршени санитарии). Овие простории, секојдневно се чистат, но има потреба од уште поредовно дезинфицирање, особено во периодот кога најмногу се јавуваат заразните болести (грип, сипаници, заушки и сл.).*<br><br>*Хигиената во овие простории е добра, но има потреба од поправка и замена на сите оштетени санитарии, како и од редовна набавка на средства за оддржување на хигиена за учениците (сапун, тоалетна хартија и сл.)*<br><br>*Според бројот на вработените, во училиштето нема доволно ВЦ-а за возрасните (истото располага само со 2).Потребни се барем уште два тоалета како и поголем број на лавабоа за оддржување на хигиената на вработениот кадар.На овие простории вратите се целосно оштетени и дотраени и има потреба од нивна замена. И во нив има потреба од уште поредовно користење и набавка на средства за лична хигиена и дезинфекција.*<br><br>*Ходниците и скалите се чистат три пати во текот на денот, а подот и мебелот се бришат пред почетокот на секоја смена. Сепак, вработените во училиштето сметаат дека има потреба од повнимателно и подобро чистење на училишниот простор.*<br><br>*Прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат по еднаш во текот на секое полугодие.*<br>*Иако во последнава година хигиената во училиштето е многу подобра во однос на порано, најголем дел од вработените, родителите и учениците сметаат дека училишните простории и инвентарот кој се користи треба да се чистат почесто и потемелно.*<br><br>*Во секоја училница во ЦОУ и во подрачните училишта, како и во училишните ходници има поставено корпи за отпадоци и се води грижа учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.* |

| | |
|---|---|
| • **Програми на наставниците за одделенски часови (Животни вештини)**<br><br>• **Дневни планирања на наставници**<br><br>• **Програма и реализација на часовите од дополнителна настава**<br><br>• **Евиденции од работа со ученици, наставници и родители на педагог и психолог**<br><br>• **Ученички и наставнички портфолија**<br><br>• **Процедура за грижа за ученици кои подолго отсуствуваат од наставата**<br><br>• **Изготвување на индивидуални образовни планови** | *Дворот на училиштето се чисти повремено од одпадоци, а тревните површини редовно се одржуваат, но има потреба од подобро и посоодветно уредување на целиот двор кој може да се користи за различни наставни и воннаставни активности.*<br>*Сите одделенски наставници имаат оддржано работилници за значењето и важноста за правилно оддржување на личната хигиена.*<br><br>*Како дел од Програмата за здравствена заштита, предвидени се содржини за работа со учениците, кои се однесуваат на превенција од заразни болести. На одделенските часови во одделенска настава, се организирани различни активности (работилници од "Животни вештини" за заштита од заразни болести, додека во предметната настава се читани пишани материјали и флаери).*<br><br>*За учениците, кои поради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсутвувале од редовната настава, наставниците од прво до петто одделение, ги организираа следниве активности: индивидуална работа, часови од дополнителна настава, поедноставување и скратување на наставната програма, изработка на посебни планирања и сл.*<br><br>*Со учениците од предметна настава кои имаат вакви проблеми и потешкотии работат помал број на наставници, па затоа има потреба од поголемо ангажирање и работа на останатите наставници кои на ваков начин подобро и посоодветно ќе им помогнат на овие ученици особено на часовите од дополнителна настава.* |

## Идикатор 4.3. *Советодавна помош за понатамошно образование на учениците*

| **Теми:** | • Давање помош при избор на занимање/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>• Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Програма за професионална ориентација на учениците од осмо одделение**<br><br>• **Евиденција за реализирани активности од професионална ориентација со учениците на педагог и психолог**<br><br>• **Одделенски книги и записници од родителски состаноци**<br><br>• **Програма за работа на психолог и педагог**<br><br>• **Процедура за откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми**<br><br>• **Професионално досие на психологот** | *Според добро изготвената Програма за професионална ориентација на учениците од осмо одделение, целосно и соодветно се спроведени предвидените активности како што се:*<br><br>• *информирање на учениците за можностите во врска со нивното понатамошно образование;*<br>• *информирање на учениците за мрежа на средни училишта во Република Македонија преку конкурсот објавен од МОН;*<br>• *презентација на средните училишта со користење на промотивен материјал, флаери, дебати, дискусии и др.*<br>• *Изработка на албум на занимања.*<br><br>*Сите овие активности се добро спроведени од страна на педагошко-психолошката служба, библиотекарот и претставници од средните училишта според начинот и времето определени со Програмата.*<br><br>*Во училиштето добро се води грижа за учениците кои имаат емоционални проблеми.*<br><br>*Заради подобар и поквалитетен увид на децата со емоционални проблеми (ранлив група на ученици), во училиштето се води соодветна евиденција според добро изготвен инструмент за следење и идентифицирање на овие ученици, изготвен од училишниот психолог.*<br><br>*Прв чекор на училиштето како грижа за оваа група ученици, беше изготвување на соодветен инструмент за следење и идентифицирање како и евиденција за сите деца со емоционални проблеми за кои има добиено соодветни информации од разговорите со родителите и други блиски членови на семејствата, лични сознанија на психологот, педагогот, соучениците, разговорите со самите ученици и сл..* |

| | |
|---|---|
| • **Инструмент за следење на социо-емоционален развој на учениците- чек листа**<br><br>• **Евиденција на ученици со емоционални проблеми**<br><br>• **Психолошки досиеја за работа со учениците**<br><br>• **Записници од стручни активи**<br>• **Евиденции за разговори и советодавна работа на стручната служба со ученици, родители и наставници**<br><br>• **Евиденција на наставниците**<br>• **Проценка на потребите за професионален развој на наставниците и стручните соработници**<br><br>• **Процедура за лични и професионални потреби на вработените**<br><br>• **Програма за соработка на училиштето со други установи и институции** | *За полесна идентификација на децата со емоционални потешкотии, наставниците од одделенска и предметна настава се консултираат со психологот и родителите на децата кои имаат вакви проблеми.*<br><br>*На овој начин, стручната служба и наставниците имаат многу добра соработка и редовно разговараат, разменуваат мислења и се договараат за слушање, разбирање и пружање на помош на децата кои имаат емоционални потешкотии.*<br><br>*Сите одделенски наставници, водат евиденција за емоционалниот, социјалниот и интелектуалниот развој на учениците за што се претходно добро едуцирани од училишниот психолог.*<br><br>*Стручната служба и наставниците, се делумно обучени да им помогнат на учениците и родителите во справување со ваквите проблеми и потешкотии.*<br>*Затоа, има потреба од посоодветна и поширока едукација како и набавка на соодветна стручна литература од оваа област што е констатирано од анализа на анкетата за професионалниот развој на наставниците и стручните работници.*<br><br>*Доколку има потреба за порелевантна стручна помош за овие ученици , училиштето добро и редовно соработува со соодветните институции ( Центар за социјална работа, Медицински центар, МВР, невладини организации, Завод за ментално здравје и др.).* |

## Идикатор 4.4. *Следење на напредокот*

<table>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2"><ul><li>Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците</li><li>Анализа на напредокот на учениците по паралелки</li></ul></td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2"><ul><li>Извештаи и анализи од сите тромесечија и крајот на учебната година</li><li>Табеларни прегледи</li><li>Педагошка евиденција и документација и записници од родителските состаноци</li><li>Евиденции на стручна служба за: ученици со три и повеќе слаби; ново дојдени и заминати ученици; нередовни ученици, ученици на кои им се изречени пофалби и педагошки мерки, ученици кои со родителите заминале на работа во странство;</li><li>Програма и записници од советување на родители</li><li>Записнички книги од Наставнички совети и Совет на родители</li><li>Годишен извештај за работа на училиштето</li></ul></td><td>Поголем број од наставниците, според одговорите од анкетираните ученици и родители, водат добра евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Исто така, на ниво на училиште, родителите континуирано се известуваат на секој класификациски период за постигањата на своите деца, како и за нивната редовност и поведение.<br>Соработката меѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците и родителите за постигањата на учениците е добра и се одвива преку: редовни стручни состаноци (Наставнички совети, стручни активи), на кои се разменуваат мислења и се дискутира за постигањата на учениците и нивното напредување, усни извештаи од наставниците за успехот и поведението на учениците на секој класификациски период кои се презентираат на Наставничките совети, записници од оддржани родителски средби за секој класификациски период, многу добра и целосна евиденција на сите ученици со три и повеќе слаби, изречени педагошки мерки, добро и соодветно изготвени анализи, извештаи и предлог-мерки за подобрување на успехот и напредокот на учениците од стручнта служба при училиштето кои се презентираат на Наставничките совети и Советот на родителите.<br>Дел од наставниците (особено од одделенската настава), ги препознаваат и акцентираат добрите страни на учениците и нивните развојни потенцијали. Истите имаат изготвено голем број соодветни чек-листи за следење на напредокот и постигањата на учениците.<br>Заради следење на постигањата на учениците, сите наставници кои се одделенски и класни раководители пополнуваат табелари на секој класификационен период, во кои се внесуваат сите податоци поврзани со напредувањето и постигањата на учениците.<br>Сите новодојдени и заминати ученици редовно се евидентираат од педагогот на училиштето и за нив се изготвува соодветна и целосна документација (евиденција, преводници, покани, известија и др.).<br>Исто така, во училиштето се евидентирани сите ученици кои според изјави дадени од нивните родителите или членови на семејство, во текот на учебната година заминуваат во странство.</td></tr>
</table>

**Клучни јаки страни**

**1.Учениците се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето.**
**2.Истата е подобрена како резултат на едукацијата на сите релевантни субјекти, контролата од страна на службата за обезбедување, системот за надзор, техничкиот персонал и дежурните наставници.**
**3.Сите потребни документи (нормативи, процедури, правилници, стратегии и сл.), со кои се предвидени начините за остварување на безбедноста, заштитата, спречувањето на насилството и севкупниот раст и развој на децата во училиштето, се многу добро и соодветно изготвени.**

**Слаби страни**

**1.Во училиштето досега не е спроведена симулирана вежба за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди.**
**2.Тоалетите во училиштето се оштетени и руинирани (искршени врати, одлепени плочки, оштетени и неупотребливи казанчиња, искршени санитарии и сл.) од учениците и нивното несоодветно користење и однесување, а за вработените освен што постоечките тоалети (2) се оштетени и дотраени нема доволен број, ако се земе во предвид бројот на вработените во установата.**
**3.Недоволна едукација на наставниците и друг воспитно-образовен кадар, како и немање на соодветна стручна литература во училиштето за откривање и работа со ранливи групи на ученици (ученици со ПОП, социо-емоционални, интелектуални и др.вид на проблеми).**

**ПОДРАЧЈЕ: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

## Мисија

**"ВО УЧИЛИШТЕТО СОЗДАВАМЕ СРЕДИНА КАДЕ ШТО ДЕЦАТА ГИ ПОЧИТУВААТ ПОЕДИНЦИТЕ ОД РАЗЛИЧНИ КУЛТУРИ, УЧАТ ДА СТАНАТ СИГУРНИ, ПРОДУКТИВНИ, ПОЧИТУВАНИ И ОДГОВОРНИ ЛИЧНОСТИ НА НАШЕТО ОПШТЕСТВО.**



## Подрачје 5.0. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

***Во училиштето континуирано се работи за надминување на етничка и социјална дискриминација со што се придонесува за позитивна училишна клима и односи во учелиштето.Персоналот работи тимски што исто така придонесува за подобрување на училишната клима.Во наредниот период потребна е поголема транспарентност и вклучување на сите субјекти при донесување на одлуки кои се од големо значење за работата на училиштето.***

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 5.1 | **Училишна клима и односи во училиштето** | • *Углед/имиџ на училиштето*<br>• *Кодекс на однесување*<br>• *Училишна клима*<br>• *Поведение и дисциплина во училиштето*<br>• *Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки* |
| 5.2 | **Промовирање на постигањата** | • *Промовирање на личните постигања на учениците*<br>• *Промовирање на постигањата во име на училиштето* |
| 5.3 | **Еднаквост и правичност** | • *Познавање на правата на децата*<br>• *Еднаков и правичен третман на сите ученици*<br>• *Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот* |
| 5.4 | **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | • *Соработка на училиштето со родителите*<br>• *Соработка со локалната заедница*<br>• *Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор* |

## Индикатор 5.1. *Училишна клима и односи во училиштето*

| **Теми:** | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Закон за основно образование**<br><br>• **Развоен план на училиштето**<br><br>• **Записници од стручни активи**<br><br>• **Кодекс на однесување на наставниците**<br><br>• **Кодекс на однесување на учениците**<br><br>• **Анкета за учениците**<br><br>• **Норматив за дефинирање на сите видови на насилство** | *Односите меѓу сите субјекти во воспитно образовнот процес во училиштето се регулирани во согласност со Законот за основно образование и истите се засноваат на меѓусебно почитување, соработка и толеранција.*<br>*Училиштето во градот е препознатливо по еднаквиот пристап кон сите ученици и негувањето на мултикултурализмот што произлегува како потреба од мешаниот етнички состав на учениците(Македонци,Роми и Срби).*<br>*Во мисијата и на Развојниот план и на годишната програма за работа за учебната 2013 - 14 година на училиштето се истакнува дека нашето училиште е средина каде што децата ги почитуваат поединците од различни култури,учат да станат сигурни,продуктивни,почитувани и одговорни личности на нашето општество.*<br>*На состаноците на Стручните активи многу често се разговара за односот и пристапот кон ученици со несоодветно однесување во били која форма, превземање мерки за подобрување на нивното однесување и нивно прифаќање од останатите ученици.*<br>*Сета ова едукација е од страна на психологот во форма на предавања и работилници, а на барање од страна на наставниците.*<br>*Во училиштето постои Кодекс на однесување,со истиот се запознаени вработените,учениците и родителите и примероци од истиот ги има транспарентно поставени во сите училници,холови и наставничката канцеларија.*<br>*Според обработените резултати од анкетата за учениците , учениците сакаат да одат на училиште и сметаат дека атмосферата во одделението е работна и опуштена.*<br>*Сметаат дека во училиштето се потикнуваат на меѓусебна толеранција, почитување и негување на различностите и на потикнување на соработката. Две третини од учениците слободно ги изразуваат своите мисли и ставови.*<br>*Исто така учениците сметаат дека наставниците ги уважуваат и почитуваат, а за недозволеното однесување се превземаат соодветни педагошки мерки.*<br>*Во нормативот за дефинирање на сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство се дефинирани облиците на психолошко, социјално,* |

| | |
|---|---|
| • **Норматив за заштита и безбедност на учениците**<br><br><br>• **Евиденција на стручна служба** | *физичко и насилство преку Интернет како и облиците на злоупотреба на детето. Во него се содржани знаците и манифестациите според кои можат да се препознаат децата кои се жртви на било кој облик на насилство.*<br>*Заштитата и безбедноста се остварува преку физичка и здравствена заштита и безбедност и заштита на учениците од насилство.*<br>*Физичката заштита се остварува низ многу облици како што се контрола на самиот објект од професионална агенција за обезбедување,видео надзор и сензори за движењево училиштето како и редовни дежурства на наставниците и помошниот персонал.*<br>*Здравствената заштита и безбедност се остварува со одржување на хигиена, хигиена на ужината,редовни систематски прегледи на учениците и вработените, едукација на учениците за заштита од различни болести, развивање на хумани односи и разнивање на оптимални односи меѓу наставниците и родителите.*<br><br>*Во училиштето повремено се случуваат конфликти и тепачки меѓу ученици кои може да се дефинираат како ранливи групи на деца по различни основи.*<br>*Не станува збор за групни тепачки и конфликти и истите не се на меѓуетничка основа.*<br>*Има и појава на психолошко насилство (омаловажување, исмевање, оговарање).*<br>*Овие случаи се евидентирани и упатувани кај педагошко-психолошката служба во училиштето.* |

## Идикатор 5.2. *Промовирање на постигањата*

| Теми: | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Годишен извештај за работа на учениците** | *Во врска со проблемите кои што се појавуваат во однос на дисциплината и несодветното однесување поголем дел од вработените успешно се справуваат. Во надминувањето на овие проблеми помага и советувањето на родителите(групно и индивидуално) од страна на психологот на училиштето при што се вклучуваат и родителите во решавање и надминување на овие проблеми.Во училиштето постои работна атмосвера и односите меѓу сите субјекти во училиштето се заснивaат на меѓусебно почитување и толеранција.*<br>*Во последните две години Училишната Заедница на учениците работи континуирано и претставниците на УЗ присуствуваат на состаноците на Наставничкиот совет каде што ги изнесуваат своите мислења,ставови и потреби од многу аспекти од училишниот живот.Нивните барања се разгледуваат и на голем дел од нив позитивно се одговара.*<br><br>*Поголемиот број на наставници ги следат натпреварите и се јавуваат како ментори на најразлични ученички натпревари. На многу од нив ученици од нашето училиште постигнуваат забележителни резултати.*<br><br>*Оваа учебна година ученици од нашето училиште поединечно групно и тимски учествуваа на натпревари од најразлични области и на дел од нив постигнаа забележителни резултати.*<br>*Истакнатите ученици се пофалуваат во училиштето,а од ова учебна година јавно се наградуваат со што се поттикнуваа и мотивираат останатите ученици.Тенденција на училиштето е ваквата пракса да стане традиција.* |

## Идикатор 5.3. *Еднаквост и правичност*

<table>
<tr><td>Теми:</td><td>• Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td>• Педагошка евиденција и документација<br><br>• Прашалник за родители<br><br>• Разговор со стручна служба<br><br>• Прашалник за ученици</td><td>Најголемиот дел од вработените ги знаат и почитуваат правата на децата.Истите се истакнати во холот на училиштето.И учениците ги знаат своите права и реагираат (најчесто кај стручната служба) доколку сметаат дека тие им се ускратени во било кој случај.<br>На состаноците на Наставничките совети и Стручните активи често пати се разговара за почитување на правата на децата.Поголемиот број од одделенските и класните раководители на родителските состаноци ги запознаваат родителите со правата на децата.Освен на родителските состаноци,држани се и работилници за правата на детето пред родителите како и пред членовите на Советот на родители.За што подобро запознавање на родителите со можните начини на кршење на правата на децата и заштита и истите училиштето го вклучи и координаторот за Безбедни училишта со презентации и предавања.<br>На прашалникот изготвен од стручната служба родителите се изјасниле дека вработените имаат еднаков и недискриминаторски однос кон сите ученици и дека сметаат дека правата на децата се почитуваат и уважуваат.<br>Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од етничката припадност,социјалното потекло и способностите. Во сите активности наставни и воннаставни учество земаат ученици кои пројавуваат желба и интерес, независно од полот, етничката припадност и социјален статус.<br>Не е евидентиран ниту еден случај на етничка нетрпеливост меѓу учениците.И родителите на учениције од другите етнички заедници сметаат дека нивните деца имаат еднаков третман од сите во училиштето.<br>И самите ученици на анонимниот прашалник се изјасниле дека нивните права се почитуваат од страна на вработените.<br>Училиштето позитивно ја вреднува етничката разновидност и ги учи учениците да ја почитуваат и сопствената и туѓата култура и традиција.Тоа е и основниот белег по кој училиштето е препознатливо во градот.Училиштето е вклучено и во проектот МИО и имаат партнер училиште со ученици од албанска етничка припадност и започнато е со реализација на активности од проектот и во нив се вклучени ученици од македонска,ромска и српска припадност.</td></tr>
</table>

## Идикатор 5.4. *Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница*

| **Теми:** | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Анкета за родители**<br><br>• **Проекти на училиштето**<br><br>• **Записници од Совет на родители** | *Училиштето презема активности за подобрување на соработката со родителите и нивно вклучување во активностите што ги презема.*<br><br>*Редовно се одржуваат родителски средби (најмалку 5) во секоја паралелка, а по потреба и повеке. Постојано има и групни и индивидуални средби со родителите. Во холот на училиштето постои распоред за приемни денови на наставниците за потреба на родителите, но било кој родител кога и да дојде е примен и информиран.*<br><br>*Најголем дел од родителите редовно се вклучуваат во севкупната работа на училиштето,а мал дел не покажува желба за соработка и комуникација.Дел од родителите сметаат дека постои потреба за нивно поголемо вклучување во работата на училиштето.*<br>*На прашалникот родителите се изјасниле дека навремено добиваат информации кои што се битни за нивните деца и се чувствуваат добредојдени,но истите сметаат дека немаат влијанија врз донесување на одлуки поврзани со животот и работата во училиштето.*<br><br>*Најголем дел од родителите се изјасниле дека во училиштето доаѓаат повеќе од 6 пати. годишно.*<br><br>*Исто така сметаат дека вработените подеднакво се однесуваат кон сите родители, задоволни се од односот на вработените кон нив и сметаат дека наставникот посветува доволно внимание на заемна соработка.*<br><br>*Изборот на родител-претставник за во Совет на родители според одговорите во прашалникот е транспарентен и демократски.*<br><br>*Училиштето има континуирана соаботка со локалната заедница која се остварува преку најразлични форми како што се смотри, културни и спортски манифестации, маскенбали, одбележување на значајни датуми и слично.*<br><br>*Училиштето има соработка со културните центри во градот, со останатите училишта, со* |

| | |
|---|---|
| • **Записници од родителски состаноци**<br><br>• **Интервју со наставници** | *детската градинка која е во близина, со музичкото училиште.*<br>*Исто така училиштето по потреба има соработка со Центарот за социјални грижи.Соработува и со службата одговорна за проектот Безбедни училишта од МВР преку постојани и континуирани активности. Училиштето соработува и со деловната заедница преку посети на места и објекти кои се поврзани со практичниот дел на наставата.*<br>*Од невладиниот сектор најдобра соработка училиштето има со невладините организации "Врамаси" и "КХАМ". Со нив работи на заеднички проекти, има одржано многу заеднички работилници, а сега има и заедничка програма "Мултикултура" во која се предвидени најразлични заеднички активности.*<br>*Училиштето работи и на проектот ,,Ран детски развој и рано учење,, поддржан од УНИЦЕФ,а се реализира според програма на Министерството за образование.*<br>*Во соработка со ФООМ беше изреализиран и проектот ,,И книгата вели исти сме,,.Училиштето беше и кандидат за ,,Зелено знаме,,преку проектот ,,ЕКО училиште и интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем,,.*<br>*Училиштето остварува тесна соработка и со невладината организација ,,Порака наша,,за деца со посебни потреби во чии што активности се вклучени и наставниците од училиштето.* |

***Јаки страни***
*1.Еднаков третман на сите ученици(непостоење на етничка и социјална дискриминација).*
*2.Успешна соработка помеѓу вработените и работа во тимовите.*

***Слаби страни***
*1.Недоволна транспарентност при донесување на одлуки кои се од суштинско значење за севкупната работа на училиштето.*
*2.Нецелосна реализација на содржините од Животни вештини во предметна настава поради недостиг на време(на одделенските часови од предметна настава често пати има потреба од разрешување на некои проблеми,договарања и други тековни работи).*

**ПОДРАЧЈЕ: РЕСУРСИ**

# ООУ „11 ОКТОМВРИ“ - КУМАНОВО















***Подрачје 6.0. Ресурси***

**За поквалитетен и посовремен наставно-воспитен процес многу значајна улога и придонес имаат добрите просторни услови, наставни средства и помагала, наставен кадар, персонал и финансиско работење. Училиштето за сите наставници и стручни соработници има обезбедено можност за проширување и продлабочување на образованието во рамките на својата област преку посета на различни семинари и обуки што придонесува за реализација на поквалитетна воспитно-образовна работа. Во наредниот период неопходно е во училиштето да се вработат стручни лица, дефектолог и социјален работник, кои ќе им помагаат на децата со потешкотии во учењето да постигнат подобри резултати. Има потреба од обновување на дотраениот инвентар (столарија, под и прозорци во кабинетите по ТО, историја и класична култура во европска цивилизација, информатика, македонски јазик и етика, ликовно образование. Во подрачното училиште во с. Речица има недостиг на нагледни и наставни средства, како и недостиг од поголем простор за училница за една паралелка од прво одделение. Во подрачното училиште во с. Долно Којнаре треба да се реновира стариот дел од училиштето и санитарните јазли.**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 6.1 | **Сместување и просторни капацитети** | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| 6.2 | **Наставни средства и материјали** | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |
| 6.3 | **Обезбедување на потребниот наставен кадар** | • Број на вработени и соодветност на наставен кадар<br>• Ефикасност и распоредување на кадарот<br>• Стручна служба како поддршка на наставниот кадар |
| 6.4 | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | • Професионален развој на наставниците |
| 6.5 | **Финансиско работење во училиштето** | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

## Индикатор 6.1. *Сместување и просторни капацитети*

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| Извори на податоци | |
| • **Годишна програма за работа**<br>• **План за развој на училиштето**<br>• **Непосреден увид**<br>• **Записници од просветна и санитарна инспекција**<br>• **Распоред на часови**<br>• **Полугодишен и годишен извештај за работа**<br>• **Записници од работа на стручни активи**<br>• **Интервју со наставници** | • Според бројот на ученици и вработени, училишниот простор ги задоволува потребите на учениците за изведување на наставата. Училничкиот простор по ученик изнесува 1,64 м$^2$, а училишниот 3,95 м$^2$.<br>• Големината на училниците соодветствува со бројот на учениците во паралелката, освен на една во подрачното училиште во с. Речица. Има потреба од реновирање на уште една училница на горниот кат во централното училиште и на кабинетите по ТО, историја и класична култура во европска цивилизација, информатика, македонски јазик и етика, ликовно образование, како и од обновување на инвентарот (столарија, под, табла, прозорци) бидејќи е мошне застарен и дотраен. Во с. Долно Којнаре има потреба од реновирање на подот и прозорците во старата зграда и набавка на нови наставни средства и помагала.<br>• Сите простории во училиштето се користат оптимално, но се чувствува недостиг на кабинети со кои се осовременува наставниот процес во училиштето. Има недостиг на простор за воннаставни активности, а како причина за тоа е што учениците од двете смени максимално ги исполнуваат училниците поради големиот број на наставни предмети.<br>Училиштето континуирано ги подобрува условите за работа и покрај споменатите недостатоци подготвува јасен план и распоред максимално да ги искористи расположливите капацитети за изведување на настава и воннаставни активности со што делумно ги задоволува потребите од реализација на наставните и воннаставните содржини.<br>• Условите за работа во подрачното училиште во с. Долно Којнаре значително би се подобрил доколку се исполнат горенаведените причини за реновирање и опремување. Подрачното училиште во с. Речица има потреба од проширување на училничкиот простор со нормална квадратура, бидејќи постојната училница за прво одделение не ги исполнува основните просторни услови и стандарди за работа. Учениците се сместени во премногу тесна просторија. |

Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

## Индикатор 6.2. *Наставни средства и материјали*

| **Теми:** | <ul><li>Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала</li><li>Училишна библиотека</li><li>Потрошен материјал</li></ul> |
|---|---|
| Извори на податоците | |
| <ul><li>**Документација на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала**</li><li>**Разговор со наставници**</li><li>**Стручна служба и директор**</li><li>**Увид во библиотекарска евиденција**</li><li>**Разговор со одговорно лице**</li><li>**Разговор со ученици и наставници**</li><li>**Разговор со технички персонал**</li><li>**Анкета со ученици**</li><li>**Документација за планирани и набавени помошни материјали**</li><li>**Самоевалуација и план на развој на училиштето**</li><li>**Полугодишен и годишен извештај за работа**</li><li></li></ul> | <ul><li>Стручната литература е застапена со 350 книги и 50 енциклопедии. Од стручни списанија застапени се следниве: „Образовни рефлексии‟, „Просветен работник‟, „Воспитни крстопати‟, „Просветно дело‟, потоа, разни енциклопедии, прирачници, речници, стручна литература и лектирни изданија. Од детски изданија има вкупно 4900 книжевни дела од кои 4500 се објавени на македонски јазик, а 400 на англиски, српски и ромски јазик.</li><li>Библиотеката нема инвентарна книга.</li><li>За учебната 2013/2014 година се употребени 5160 учебници, а за 2014/2015 година се порачани дополнителни 1715 учебници. Постојната книжевна граѓа уредно се води во тетратка, како и побарувањето и примопредавањето на учебници од одделенски и класни раководители со архивирани изјави од прво до деветто одделение. Покрај ова, за загубени и оштетени учебници се чува прилог со уплатници. Наставниците и учениците се известуваат со процедура за користење на учебниците. Во магацинскиот простор на библиотеката има резервни учебници од прво до деветто одделение.</li><li>Училиштето располага со наставни средства и помагала што се евидентирани според пописната листа: четири радиокасетофони, еден ТВ-приемник, два дијапроектори, два музички системи, пијано, синтисајзер, графоскоп, проектор „Супер 8‟, два видеорекордери, перископ, триесет и еден компјутерски систем во кабинетите (*не вклучувајќи ги компјутерските системи во кабинетите по информатика и ликовно образование, како и компјутерските системи во канцелариите и кабинетите на директорот, секретарот, педагошко-психолошката служба, книговодителот и библиотекарот*), ЛЦД-проектор, два мултифункциски печатачи и три класични печатачи, разгласна станица, нагледни средства по географија, математика, физика, хемија, биологија, историја и други наставни предмети. Од овие технички уреди **само некои од нив** се функционални и технички исправни. Нагледноста во училиштето е добра, меѓутоа има потреба од нови нагледни средства за поквалитетна и поуспешна реализација на наставните цели и задачи.</li><li>Од проектот „Модернизација на образованието‟ училиштето набави професионална машина за фотокопирање со која се олесни целокупната работа на наставниот и другиот воспитно-образовен персонал.</li><li>Училишната библиотека располага со повеќе од пет наслови на книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, прописно располага и со компјутер и пристап до интернет. Таа е отворена за користење од страна на учениците од 8 - 15 часот.</li></ul> |

| | |
|---|---|
| • **Годишна програма за работа**<br>• **Записници од стручни активи** | Просторијата на библиотеката е обновена е со седум двострани полици, четири ѕидни полици, три мали масички и десет мали столчиња.<br>• Со пуштање во употреба на компјутерите, учењето и наставата се збогатуваат со уште еден извор на знаење. Наставниците и учениците имаат пристап до кабелски и безжичен интернет.<br>• Училишната библиотека е сместена во посебно прилагодена просторија за таа намена, во која мебелот и витрините соодветствуваат на стандардите за чување на книгите. Библиотеката располага со 5.400 библиотекарски примероци. Во соработка со фондацијата „Чекор по чекор" библиотеката е снабдена со најнови лектирни изданија со примероци во 10 комплета од прво до деветто одделение. Располага со најнови енциклопедии и визуелни речници (100 примероци) и белетристика. Има и стручна литература за наставниот кадар која ги задоволува тековните потреби за описно оценување, „Оценување на учење во 21-от век" и Прирачник за работа со компјутер од прво до трето одделение. Опремена е со аудио-визуелни средства, компјутер, ДВД-пуштач, ТВ-приемник и разгласна станица која е технички неисправна.<br>• Училиштето ја планира набавката и на основниот материјал за работа на наставниците, стручниот и административниот кадар, но, набавката не ги задоволува нивните потреби во доволен обем и во континуитет.<br>• Училиштето преку донацијата (донатор и наслов на донација или грант) е снабдено со пвц-табли во сите кабинети, освен во четири кабинети: македонски јазик и етика; историја и класичната култура во европската цивилизација; информатика; и ликовно образование.<br>• Се организираа и реализираа обуки за наставниот кадар и тоа: „Меѓуетничка интеграција во образованието" (континуирано), „Претприемништво", „Инклузивно образование" и „Обука за наставни планови и програми за работа по Кембриџ-системот".<br>• Преку владината донација „И книгата вели исти сме" донирани се масички и полици, како и книги за збогатување на библиотечниот фонд.<br>• Преку владината донација „Ѕвезди од светската литература" како и „Најпознати нобеловци од 20-тиот век" донирани се прочуени дела на автори од светската книжевност.<br>• Преку Министерството за образование и наука и Фондацијата отворено општество – Македонија во последните две учебни години се донирани 100 комплети потрошен ученички прибор и тоа два пати годишно за социјално загрозени ученици.<br>• Редовноста на вработените е на завидно ниво, како на часовите, така и на седниците на стручните органи на ниво на училиштето.<br>• Доколку има отсуства на вработени лица и истите се од оправдани причини, директорот на училиштето е навремено известен, во спротивно неоправданите отсуства |

| | |
|---|---|
| | се санкционираат согласно Правилникот за работа и работни односи.<br>• Потрошниот материјал (креди, хамери, хартии, боици, маркери, тонери) иако редовно се набавува, делумно ги задоволува потребите на наставниците и учениците.<br>• Стручната литература делумно ги задоволува потребите на наставниците.<br>• Наставните средства и помагала треба почесто да се обновуваат, затоа што постојните не ги задоволуваат во целост потребите на училиштето.<br>• Со воведување на компјутерите во работата на учениците од прво до деветто одделение и постојаниот пристап до интернет наставниот кадар е задоволен, бидејќи им овозможува на учениците да ги стекнуваат и прошируваат знаењата од компјутерската технологија и наставните предмети.<br>• Сите постоечки нагледни средства се користат во наставата, но недостасуваат нови техничко-технолошки средства и помагала за поквалитетно осмислување и реализирање на наставните содржини.<br>• Хигиената ги задоволува потребите, а хигиенските средства се набавуваат според финансиските можности на училиштето. |















## Индикатор 6.3. *Обезбедување на потребниот наставен кадар*

| **Теми:** | • Број на вработени и соодветност на наставен кадар<br>• Ефикасност и распоредување на кадарот<br>• Стручната служба како поддршка на наставниот кадар |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Увид во досиејата на вработените**<br>• **Увид во Правилникот за систематизација**<br>• **Разговор со директорот и со наставниците**<br>• **Годишна програма за работа на училиштето**<br>• **Програма за работа на стручната служба** | • Бројот на вработени во училиштето изнесува 66 лица. Класификациската и стручната состојба со работно искуство е следнава:<br>1. Директор со ВСС со 26 год. работно искуство;<br>2. Педагог со ВСС со 14 год. раб. искуство;<br>3. Психолог со ВСС со 29 год. раб. искуство;<br>4. Библиотекар со ВСС со 16 год. раб. искуство;<br>5. 41 наставник со ВСС од кои:<br>➢ со раб. искуство до 10 год. се 23;<br>➢ со раб. искуство до 20 год. се 8;<br>➢ со раб. искуство до/над 30 год. се 10;<br>6. 8 наставника со ВШС од кои:<br>➢ со раб. искуство до 20 год. нема;<br>➢ со раб. искуство до 30 год. се 1;<br>➢ со раб. искуство до/над 30 год. се 7;<br>• Наставниот кадар и стручните соработници согласно Нормативот се квалификувани и оспособени да ги преземаат одговорностите за непречено реализирање на воспитно-образовниот процес во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина.<br>• Работата на наставниот кадар и стручните соработници е соодветно надополнета и олеснета во соработка со административно-техничкиот персонал:<br>1. Секретар – благајник со ВСС со 15 год. раб. искуство;<br>2. Книговодител со ССС со 23 год. раб. искуство;<br>3. Домаќин со ССС со 35 год. раб. искуство;<br>4. Хаузмајстор со ССС со 19 год. раб. искуство;<br>5. Ноќен чувар ССС со 29 год. раб. искуство;<br>6. 8 хигиеничари со основно образование од кои:<br>➢ со раб. искуство до 10 год. се 3;<br>➢ со раб. искуство до 20 год. е 1;<br>➢ со раб. искуство до/над 30 год. се 4.<br>• Наставниците и стручните соработници ефикасно придонесуваат за работата на |

| | |
|---|---|
| | училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи. При распоредувањето на кадарот се земаат предвид квалитетите, искуството и експертизата на наставниците што придонесуваат за исполнување на целите во наставата. Во случај на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизам за брза и соодветна замена.<br>• Стручна помош на наставниците им пружа педагогот и психологот во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош на учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш е отворена за соработка. |



## Индикатор 6.4. *Следење на развојните потреби на наставниот кадар*

| **Теми:** | • **Професионален развој на наставниците** |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Интерни акти**<br>• **Процедура за следење на планирањето на наставата**<br>• **Процедура за следење на наставниот процес**<br>• **Разговор со стручната служба, наставниците и директорот**<br>• **Програма за професионален развој на наставниот кадар**<br>• **Годишна програма за работа и наставничко портфолио**<br>• **Извештај за самоевалуација**<br>• **Програма за работа на менторот и новвработениот во текот на учебната година**<br>• **Анкетите на училиштето за професионален развој на кадарот**<br>• **Листи од спроведени интерни обуки** | • Во училиштето постојат утврдени постапки и инструменти кои се користат за оценување на работата на наставниците, така што нивните потреби за професионален развој се идентификуваат индивидуално.<br>• Во училиштето постои утврден систем на следење на: квалитетот на планирањата, организација и реализација на наставните часови, дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности, успех и резултати од успехот што го постигнуваат учениците. Годишна програма за работа изготвуваат директорот, наставниците, педагошко-психолошката служба и библиотекарот.<br>• Потребите за професионалниот развој на наставниците се идентификуваат по пат на разговори и анкети. На  наставници кои сакаат да ги подобрат своите стручни способности училиштето им дава целосна поддршка во нивното усовршување, обезбедува стручна литература, учество во предавања, советувања, обуки, семинари и сл.<br>• Професионалните досиеја ги водат педагогот, психологот и библиотекарот.<br>• Секој наставник води сопствено наставничко портфолио.<br>• Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот.<br>• За работата на наставниците-приправници се води посебна грижа и тоа: одредување на ментор, советодавна работа од стручната служба, помош од наставници-соодленци, помош во изработка на план и инструменти за следење на учениците. Нивната работа ја следи, насочува и коригира менторот, а дополнителна помош пружаат стручните соработници и другите наставници. |

## Индикатор 6.5. *Финансиско работење на училиштето*

| Теми: | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • **Увид во финансискиот план**<br>• **Развоен план и годишна програма за работа**<br>• **Разговор со директорот, секретарот - благајник, сметководителот и наставниците**<br>• **Училиштен одбор**<br>• **Записници и одлуки на УО**<br>• **Разговор со Советот на родители**<br>• **Склучени договори**<br>• **Тендери за јавни набавки**<br>• **Понуди**<br>• **Записници од Ревизија и Управа за јавни приходи** | • Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските акти и нормативи. Како буџетска институција, како и во секое училиште, финансиските средства за нормално функционирање се обезбедени од Буџетот на РМ преку Општина Куманово во согласност со децентрализацијата. За училишниот буџет и трошоците информирани се Училишниот одбор и сите вработени во училиштето. Во Комисијата за јавни набавки задолжително е вклучен и член од Училишниот одбор.<br>• Раководниот кадар редовно го следи наменското трошење на буџетот  за да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства, донесува одлуки со кои обезбедува економичност, ефикасност и правичност во распределба на истите според финансискиот план.<br>• Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.<br>• Буџетот се користи наменски и за креативни и развојни цели кои се фокусирани за подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.<br>• За сите јавни набавки над 5.000€ се распишуваат тендери, се прибира тендерска документација и се потпишуваат договори со директорот во консултација со Училишниот одбор кој исто така ги потпишува.<br>• Од јавните набавки се потпишуваат договори во врска со линиски превоз, за обезбедување на природен гас, парни котли и котларници, огревно дрво, осигурување и обезбедување на ученици и наставници и др.<br>• Исто така, се разгледуваат и прашањата за тендери на училишни екскурзии и фотографирање со ученици најчесто на крајот на училишната година.<br>• Во согласност со родителите во училиштето функционира служба за обезбедување финансирања од страна на истите. |

| | |
|---|---|
| • **Прашалници** | • Раководниот кадар се консултира со одговорните лица за прашања поврзани со ресурсите чии информации се важни за да се обезбеди економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства.<br>• Од доставениот прилог за финансискиот план од страна на благајникот во училиштето, се утврдени:<br>➢Преглед на плати за 2013/2014 год.;<br>➢Преглед на трошоци од блок-дотации за сметка 903 (дотации за 2011 год.);<br>➢Преглед на трошоци за самофинансирачки активности за сметки 787, поединечно за секое училиште.<br>За трошоците од блок дотации за сметката 903, распределбата по квартали и месечно ќе ги врши Општина Куманово врз основа на добиени податоци и проценти од страна на Министерството за образование и наука, додека трошоците за самофинансирачки активности за сметки 787 врз основа на усвоени планови од страна Советот се прилог.<br>• Инаку училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Училишниот одбор еднаш месечно добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Раководниот кадар ги знае и разбира механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства. |



**Резултати: Образложение на нашите клучни <u>јаки и слаби страни</u>**

<u>Клучни јаки страни</u>

1. Солидна и стручна квалификациска структура на вработени;
2. На сите наставници и стручни соработници им е обезбедена можност за проширување и продлабочување на образованието во рамки на својата област;
3. Правична распределба на средствата за централното и подрачните училишта согласно финансискиот план на училиштето.

<u>Слаби страни</u>

1. Дотраен инвентар (столарија, под, прозорци и табли) во училниците во делот на приземјето и кабинетот по ТО, историја и класична култура во европска цивилизација, информатика, македонски јазик и етика, ликовно образование;
2. Недостиг на училнички простор и дотраен инвентар (подови) во подрачното училиште во с. Речица, како и дотраен инвентар (подови и прозорци) во подрачното училиште во с. Долно Којнаре;
3. Недостиг од нагледни и наставни средства и помагала;
4. Потреба од дефектолог и социјален работник за работа со деца со посебни потреби.

е



<u>Анализа на резултатите</u>:

ООУ „11 Октомври" од Куманово е изградено во 1964 год., а во негов состав влегуваат и две подрачни училишта, во с. Д. Којнаре и с. Речица со настава од прво до петто одделение. Во изминатиот период направена е реконструкција на поголем дел од училиштето, но има и дел во приземјето кој не е реновиран, а забележително дека во одредени кабинети инвентарот е застарен (прозорци, врати, подови, клупи, столчиња). Има недостиг од училнички простор во подрачното училиште во с. Речица, додека во подрачното училиште во с. Долно Којнаре има потреба од реновирање на стариот објект и санитарните јазли.

Воспитно-образовната дејност се одвива во делумно опремени кабинети. Училиштето располага со сопствена библиотека (медијатека) на која ѝ недостасуваат поголем број на лектирни изданија.

Поголем дел од нагледните и наставните средства и помагала се застарени без соодветен простор за сместување.

Квалификациската и стручната подготовка на вработените е следната: со ВСС се 46, со ВШС се 9 и со ССС се. Според работното искуство, до 10 год. работен стаж имаат 26 вработени, до 20 год. имаат 14, до и над 30 год. имаат 26. Наставниците

добиваат стручна помош од стручната служба на училиштето, како и од учеството на семинари организирани од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и невладините организации. Училиштето нема утврдено и не користи постапки за оценување на работата на наставниците.

Училиштето располага со финансиски средства кои се обезбедени од Министерството за образование и наука, а се ефектуираат преку Општина Куманово.

Приоритетни подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои можат да бидат вклучени во планот за развој на училиштето како идни активности:

1. **Реконструкција и опремување на преостанатите кабинети во централното училиште**;
2. **Доградба на потребниот училнички простор во с. Речица и реновирање на стариот објект и санитарните јазли во с. Долно Којнаре;**
3. **Набавка на наставни и нагледни средства и помагала.**

**ПОДРАЧЈЕ:УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

**ЈАС ЧЕКОРАМ ЗАД ЛУЃЕТО!ЗАРЕМ НЕ СУМ ДОБАР ЛИДЕР?**

**МЕНАЏИРАЊЕТО НЕ Е САМО ВРВ ВО ХИЕРАПХИЈАТА, ТОЕ Е ПЛАНИРАЊЕ,ПОТТИКНУВАЊЕ,УНАПРЕДУВАЊЕ,ПОЗИТИВЕН СТАВ,РАКОВОДЕЊЕ КОН ТИМСКО ОСВОЈУВАЊЕ НА ПОСАКУВАНОТО....**

**КЛУЧОТ НА ДОБРОТО РАКОВОДЕЊЕ НЕ Е ВО ПОТРАГАТА ПО НАЈДОБРОТО КАЈ ВРАБОТЕНИТЕ, ТУКУ ПОКАЖУВАЊЕТО ДЕКА НАЈДОБРОТО ВЕЌЕ ПОСТОИ И ТРЕБА ДА СЕ ИСКОРИСТИ!**

## Подрачје 7.0. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

***Прифаќањето и практикувањето на модерните токови и промени во образованието,најпрвин од страна на раководниот орган, а понатаму и од сите субјекти на оваа образовна институција , би значело сигурен и цврст чекор во квалитетно воспитување и образование на генерации ученици.Поголема емпатичност , елан и отвореност за новините што доаѓаат од страна на сите вработени,ќе го промовираат и подигнат на повисоко професионално ниво нашето училиште.***

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 7.1 | Управување и раководење со училиштето | • ***Управување со училиштето***<br>• ***Раководење со училиштето***<br>• **Спроведување на методологијата на седум чекори еко-менаџмент од еколошката програма** |
| 7.2 | Цели и креирање на училишната политика | • ***Јасност и соодветност на целите***<br>    • Јасност и соодветност во поставувањето на целите за реализација на Планот на активности од еколошката програма<br>• ***Процедури за креирање на училишната политика***<br>    • Вклучување на еколошкото образование и заштитата на животната средина во креирањето на училишната политика |
| 7.3 | Развојно планирање | • ***Цели на развојното планирање***<br>• ***Професионален развој/стручно усовршување на кадарот***<br>• ***Материјално-технички средства***<br>• ***Инфраструктура*** |

## Идикатор 7.1. *Управување и раководење со училиштето*

| | |
|---|---|
| Теми: | • Управување со училиштето<br>• Раководење  со училиштето<br>• Спроведување на методологијата на седум чекори еко-менаџмент од еколошката програма |
| Извори на податоци | |
| • **Деловодник за работа на УО** | Управувањето со училиштето е во надлежност на УО, кој е конституиран во согласност со Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Надлежностите за управување се јасно дефинирани во одредбите од Законот за основно образование и Статутот на училиштето.  Истите се почитуваат и извршуваат и во нашето училиште.<br><br>Работата на УО е определена со Деловодникот за работа на УО. Информираноста за одржување на состаноците е во електронска,писмена форма и телефонски контакти.. За редовноста и присуството на членовите на седниците, одговорен е административниот работник – секретар на училиштето. Седниците се водат од страна на претседателот на УО(Дејана Алексовска) по однапред утврден дневен ред, кој им е доставен со поканите на сите членови на УО. Состаноците на Училишниот Одбор се одржуваат  со мнозинство на членовите. Ако нема кворум состанокот се одложува.<br><br>На состаноците се обработуваат актуелни, тековни и прашања предвидени со целите и задачите од Годишната програма за работа за УО, согласно Статутот на училиштето. УО практикува да обезбедува  информации од своето работење преку огласната табла во училиштето, но не и сеопфатни информации за заклучоците од своето работење пред Наставничкиот совет и Стручните активи на училиштето.  Според Статутот на училиштето постои  посебна Годишна програма која ја изготвува и реализира УО, додека административните задачи се определени согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето и истите ги извршува секретарот  на училиштето.Внатрешните членови на УО се директно вклучени во наставата и на тој начин ги претставуваат и потребите и барањата на учениците и вработените.<br><br>Подрачните училишта се вклучени во УО преку претставниците од редовите на Советот на родителите. Потребите, правата и барањата на учениците се рефлектираат преку претставниците од Советот на родители. За одлуките донесени на Училишен Одбор, |

вработените и сите заинтересирани субјекти се информираат преку огласната табла и извештај за работа на училиштето во календарската година, со извештај за годишната програма. За одлуките од Училшниот Одбор ретко се расправа и на Наставничкиот совет. Училишниот Одбор соработува со просветниот инспекторат ( општински и републички), Биро за развој на образование и со комисијата за образование при советот на општинската комисија.

Членовите на УО посетуваат континуирана обука заради успешно извршување на улогата на управување.

- **Записници,одлуки и извештаи од работата на УО**

| *Податоци за членовите на училишниот одбор* | | |
|---|---|---|
| *Име и презиме:* | *Делегиран од:* | *Контакт информации:* |
| *1.* Дејана Алексовска | *Наставнички совет* | *Тел:* 071 781 529 |
| *2. Марина Стојчевска* | *Наставнички совет* | *Тел: 070 913 293* |
| *3.Зоран Митрички* | *Наставнички совет* | *Тел:* 075 530 194 |
| *4.* Зоран Андоновиќ | *Совет на родители* | *Тел:* 071 363 334 |
| *5. Ненад Николиќ* | *Совет на родители* | *Тел:* 078 466 922 |
| *6.* Рамиза Сербезовска | *Совет на родители* | *Теп:* 075 830 458 |
| *7.* Љубица Кузмановска | *Општина* | *Тел:* 076 592 022 |
| *8.* Гоце Крстевски | *Општина* | *Тел:* 078 409 084 |
| *1.* Дејана Алексовска | *Наставнички совет* | *Тел:* 071 781 529 |

- **Програмата за работа на директорот;**
- **Програмата за професионалниот развој на директорот;**
- **Статут на училиштето**

| *Етничка структура* | *Број на членови на училишен одбор* | *%* |
|---|---|---|
| *Македонци* | *6* | *66.7* |
| *Албан□и* | | |
| *Турци* | | |
| *Роми* | *1* | *11.1* |
| *Власи* | | |
| *Срби* | *2* | *22.2* |
| *Бошња□и* | | |
| *Друго* | | |
| *Вкупно* | *9* | *100* |

| *Родова структура* | *Број на членови на училишен одбор* | *(%)* |
|---|---|---|
| *Женски* | *5* | *55.6* |
| *Машки* | *4* | *44.4* |
| *Вкупно* | *9* | *100* |

| *Структура на членови на УО* | *Број на членови на училишен одбор* | *(%)* |
|---|---|---|
| *Внатрешни членови* | *3* | *33.3* |
| *Надворешни членови* | *6* | *66.7* |
| *Вкупно* | *9* | *1□0* |

| | |
|---|---|
| • **Интервју со директорот**<br>• **Годишна програма на УО** | *Директорот на училиштето, според Законот за основно образование е раководен орган на училиштето. Истиот има виско образование, професор по одделенска настава, со положен директорски испит.*<br><br>*Органот на раководење своите работни задачи ги извршува согласно Годишната програма за работа на директорот.*<br><br>*Раководниот орган ги согледува, координира и ги обединува гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето.*<br><br>*Раководниот орган ја поттикнува, развива и следи тимската работа. Донесува одговорни одлуки и има способност ефективно да делегира надлежности, да комуницира со учениците, вработените и родителите. Објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето.*<br><br>*Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој.*<br><br>*Промените во образовниот систем целосно ги прифаќа и спроведува согласно можностите и материјално – техничките капацитети на училиштето.*<br><br>*Успешно и продуктивно остварува партнерства со локалната заедница, невладиниот сектор како и други институции кои се поврзани со делокругот на работа на училиштето.*<br><br>*Раководниот орган работи тимски во креирањето и планирањето на училишната политика помогнат од Стручната служба (педагог, психолог, библиотекар), УО, Советот на родители и локалната самоуправа.*<br><br>*Раководниот орган на училиштето ја спроведува методологија на седум чекори еко-менаџмент и редовно се грижи за реализација на сите чекори и активности согласно еколошката програма. Раководниот орган активно е вклучен во реализацијата на седумте чекори и придонесува за ефективно и ефикасно спроведување и донесување одлуки.*<br><br>*Интервју со директорот Мерилин Стојчевска* |

| | |
|---|---|
| | *Поставени прашања:*<br><br>*1.Која беше Вашата приоритетна цел на која работевте мината учебна година ?*<br><br>*2. Како ја оценувате работната клима во училиштето и на кој начин сметате дека придонесувате за подобрување на истата?*<br><br>*3. Дали како менаџер на оваа образовна, современа установа имате увид во тоа на кој начин и колку од вработените освен што ја вршат нивната примарна работа како наставен кадар се вклучени во креирањето и спроведувањето на училишната политика како тим?*<br><br>*4. Како Вие како раководен орган ќе го подобрите опфатот на децата од реонот во нашето училипте?*<br><br>*Дадени одговори:*<br><br>*1.Унапредување на квалитетот на наставата ,следење и унапредување на работата на наставникот преку:*<br>*-користење балансирана комбинација на настава фокусирана на ученикот со технологии и вештини насочени кон учење(критичко мислење,креативност,иновативност,решавање на проблеми,диференцијација,индивидуализација,комуникација,тимска работа...)*<br>*-користење на дијагностички алатки за формативно и сумативно оценување за следење на ефектите од учењето ,кои им овозможуваат на наставниците да го следат напредокот на учениците и да се осигураат дека тие стекнуваат,знаење со разбирање и колку мотивацијата на учениците влијае тие да напредуваат најдобро што можат и да постигаат подобри резултати.*<br>*-вклученост на родителите во работата на училиштето и засилување на партнерска соработката родител-наставник-ученик.*<br>*-влијание на мултикултурализмот и инклузивноста како вредност и важна димензија во училиштето и негување на позитивна интеракција помеѓу учениците од различни етнички,социјални и културни средини.*<br><br>*2. Во училиштето е воспоставена уредна ,пријатна и кооператвина средина за работа која влијае на однесувањето на учениците и нивниот ангажман во учењето. Амбиентот е одраз на тоа како се чувствуваат наставниците, учениците и останатиот персонал. Училиштето е средина составена од професионалци, подготвени за соработка, со нагласено верување* |

| | |
|---|---|
| | *дека секое дете може да биде добар ученик. Моите заложби се во насока на јакнење на чувството на заедништво,ентузијазам и тимска работа. Подобрување на квалитетот на меѓучовечките односи на сите релации, градење на клима на заемна почит и доверба, отворена и чесна комуникација, проточност на информации, засилена соработка на подржувачки, колегијални пријателски односи и меѓусебно разбирање,тежнеење за развој и остварување на подобри резултати и воспоставување на систем на вреднување и наградување.*<br><br>*3. При уписот на учениците во прво одделение во однос на реонизација настојувам учениците да бидат максимално опфатени. За таа цел преземаме различни активности: афирмација и медиумско претставување на училиштето преку видео презентација, презентација на активности и успеси на ученици,испраќање покани до родителите и посета на семејства, промотивни настани за вклученост во проекти, изготвена брошура за училиштето, флаери за родители, отворен ден во училиштето, отворен час, работилници со родители...*<br>*4. Материјално-технички ресурси (простор, опрема и наставни средства)во последните 3 години се подобрени. Средствата добиени од грантовите од ФООМ, Швајцарска фондација за деца ,,Песталоци,, и УСАИД допринесоа за подобрување на опременост на училиштето и условите и живот за работа во него. Беа набавени нагледни средства, зголемен училишен фонд на библиотека, набавка на полици, училишен прибор, нагледни средства и помагала за кабинетска настава... Од проектот за Ран детски развој добиени се масички, столчиња, теписон, материјали за работа, нагледни средства... Од НО добивме нагледни средства и LCD проектор за потребите на подрачните училишта. Од НО добиена гардероба за учениците од социјално загрозени семејства од I-Vодделение. Агенцијата за млади и спорт ја донираше изградбата на повеќенаменско игралиште во училишниот двор. Училишниот простор ги задоволува здравствено-хигиенски услови.* |
| • **Спроведување на методологијата на седум чекори еко-менаџмент од еколошката програма** | Нашето училиште делумно ја спроведува методологија на седум чекори еко-менаџмент и делумно се грижи за реализација на сите чекори и активности согласно еколошката програма и воедно е активен во реализацијата на седумте чекори и придонесува за ефективно негово спроведување.<br><br>Во тие чекори спаѓаат: 1. Формирање на Еко-одбор, 2. Анализа на животната средина, 3. Изработка на план на активности, 4. Следење на евалуација на напредокот, 5.Поврзување на заштита на животната средина со редовна настава, 6. Информирање и вклучување на пошироката заедница и 7. Изработка на еко кодекс за училиштето. |

| | |
|---|---|
| | Нашето училиште се труди да ги постигне стандардите,за да го има статусот на еко-училиште со тоа што ги исполнува следниве еко-стандарди и тоа:- Еко стандард 1 – заштита на енергија ,Еко стандрад 2 – заштита на вода , Еко стандард 3 – одржување на зградата и здрава средина на нашето училиште и Еко стандрад 4 – уреден и еколошки двор и дворна зелена површина.<br><br>За улога на нашиот Еко одбор кој е носечка сила и кој ги осмислува и спроведува сите активноси на неговите членови, во кои спаѓаат: ученици , наставници , претставници на техничкот персонал, член од советот на родители, претставници од медиуми и од невладини организации. За сите одлуки и состаноци се води и прават записници од секој состанок.<br><br>Преку анализа на животната средина во тековната состојба на нашето училиште се согледува преку различни теми од животната средина непосредно околу нас и тоа во неколку области и сегменти: Намалување на отпадот во нашето училиште, намалување на какво и да е ѓубре , штедење на енергија , чиста вода , заштита и унапредување на здравјето , средување и чистење на училишниот двор со хортикултура и други општи забелешки околу животната средина.<br><br>Преку стандардите, со Еко одборот и анализа на животната средина до план на активности кој е главното јадро на програмата и директно произлегува од извршената анализа на животната средина во која сме опкружени секојдневно. |

## Идикатор 7.2. *Цели и креирање на училишна политика*

| | |
|---|---|
| Теми: | • Јасност и соодветност на целите<br>- Јасност и соодветност во поставувањето на целите за реализација на Планот на активности од еколошката програма<br>• Процедури за креирање на училишната политика<br>- Вклучување на еколошкото образование и заштитата на животната средина во креирањето на училишната политика |
| Извори на податоци | |
| • **Годишна програма за работа на училиштето** | Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици.<br><br>Во согласност со целите за реализација на Планот на активности од еколошката програма и заедно со вработените, родителите и учениците кои се запознаени со еколошката програма преку изготвување на флаер,а во која привремено учествуваат во креирањето на целите, планирањето на активности, донесувањето на одлуки, како и со начинот на нивното остварување и подобрување.<br><br>Со следниве активности за постигање на поставените цели кои ги има изготвено Еко оборот во соработка со нивините директни учесници за подобро спроведена еколошка програма во нашето училиште: Еко стандард 1 ( заштеда на енергија ) има спроведено активности: замена на обични светилки со штедливи , редовно чистење на прозорците , фромирање на еко-патроли за исклучување на компјутери и прецизирање на напатсвија за рационално користење на електричната енергија, сето ова го има реализирано во период од декември до март заедно ученици , наставници и технички персонал за да се постигне целта на рационално користење на енергија. Еко стандард 2 ( заштита на вода ) има спроведено активности: анализа на состојбата на водата и водната инсталација , истакнување и упатства за штедење на водата и формирање на еко-патроли кои го следат процесот на овие активности, сето ова го има изреализирано во период од февруари до март заедно ученици , наставнивци и технички персонал за да се постигне |

| | |
|---|---|
| | целта рационално користење на водата. |
| • **Записници од состаноци на УО, Наставнички совет, родителски средби**<br><br>• **Записници од состаноци на еко-одборот**<br><br>• **Развојно планирање.** | Еко стандард 3 (чиста и уредна училишна зграда ) има спроведено активности: Ослободување на напотребни предмети во училишната зграда и околу неа, чистење на ходници по секоја смена, разубавување на ходниците, канцелариите и училниците со цвеќиња, истакнување на упатсво нза одржување на здрава средина и зграда сето ова го има во континуитет спроведувано заедно ученици , наставници , членови од советот на родители и технички персонал за постигање на целта обезбедување на здрави услови за работење и престој во нашето училиште. |

| | |
|---|---|
| • **Интерните акти** | Еко стандард 4 ( уреден и еколошки двор ) има спроведено актовности:отстранување на непотребни и нефункционални предмети во дворот , садење на локални цвеќиња , редовно чистење на дворот и зелената површина , поставување на корпи за органско ѓубре, хартија и пластика, поставување на куќарчиња за птици , упатства за орджување на дворот и формирање на еко-патроли за извршување и реализација на акциите кои ќе ги контролираат овие активности , сето ова го има спроведено во континуитет заедно со ученици , наставници , членови на совет на родители и техничкиот персонал за постигање на целта уреден и функционален двор кој максимално ќе се користи за сите потреби и за сите кои престојуваат во него.<br><br>Училиштето работи транспарентно така да сите заинтересирани субјекти се информирани за целите и задачите на годишната програма, како и нивното спроведување, а се земаат во обзир и мислења и сугестии за идни промени на целите, заради унапредување и подобрување на начелата и вредностите на работата на училиштето.<br><br>Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето, и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето.<br><br>Сите заинтересирани субјекти се информирани за целите и задачите на Годишната програма преку усвојување на истата на состаноците на УО, Наставнички совет , родителски состаноци, а во изминатите неколку години и пред Советот на општината. Годишното планирање се изготвува врз основа на приоритетите од Развојниот план. Во изготвувањето на програмата учествува сите вработени поделени во тимови согласно Процедурата за изработка на годишна програма и компјутерска обработка на годишната програма. |

| | |
|---|---|
| | Целите на училиштето  се во согласност со целите за реализација на Планот на активности од еколошката програма согласно структурата и приоритетите на училиштето.  Вработените, родителите и учениците делумно се запознаени со еколошката програма и повремено учествуваат во креирањето на целите, планирањето на активности, донесувањето на одлуки, како и со начинот на нивното остварување и подобрување.<br><br>Училишната политика покрива широк опсег на области кои се од есенцијална важност за различните субјекти во училиштето. Таа им дава на наставниците и останатите вработени насоки за делување и остварување на нивните специфични улоги во училиштето. Директорот се појавува како иницијатор и поттикнувач на процесот за обликување и креирање на училишната политика, во која  се вклучуваат и учествуваат сите заинтересирани субјекти како партнери : учениците, родителите и наставниците. Училишната политика се креира преку активно учество на сите субјекти при изработката на планови и програми за сите наставни и воннаставни активности кои се дел од годишната програма  на училиштето. Родителите и учениците за овие активности се известуваат преку состаноците на Советот на родители и Ученичката заедница на училиштето.<br><br>Политиката на училиштето како збир на сите посебни политики постојано се истражува, надополнува и надградува низ интеракцијата помеѓу директорот, наставниците, стручната служба, персоналот, учениците, родителите и надворешното опкружување, секако во согласност со промените на законската регулатива. Креирањето и обликувањето на политиките е евидентно од дискусиите односно записниците на Советот на родители, Училишниот одбор, Наставничките совети, Советите на одделенски и предметни наставници. Политиките се согледуваат од бројните пишани процедури, упатства, правилници и како пишани политики во форма на посебни документи.<br><br>Училиштето води политика за поддршка на учениците со различни способности и предиспозиции  За учениците со различни потреби и предиспозиции се применува индивидуализиран пристап, се планираат и одржуваат часови за дополнителна, додатна настава, слободни ученички активности, организирани работилници. Изработена е процедура за идентификување и грижа на  ученици |

| | |
|---|---|
| | со емоционални проблеми.<br><br>Нашето училиште води политика на прифаќање и промовирање на мултикултурализмот преку  промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата, овозможува да се синхронизираат училишната политика и секојдневната пракса преку која се рефлектираат културните, јазичните и религиозните различности и им се овозможува на учениците целосна вклученост, постигнување на образовните цели и развивање на вештини и знаења за активна вклученост во граѓанското општество.<br>Преку мултикултурната едукација во училиштето учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат. Училиштето обезбедува еднакви можности и услови за напредок и ги почитува правата на децата без оглед на етничките културните, верските и социјалните разлики.<br><br>Во училиштето е донесен Кодекс на однесување, кој ги содржи правата и обврските на учениците, родителите и вработените во училиштето во однос на дисциплината, редовноста, чување на инвентарот, правила на однесување во училиштето. За учениците кои не ги почитуваат училишните правила како и своите соученици или вработени во училиштето се применуваат педагошки мерки предвидени со Законот за основно образование. За ваквите политики се информирани сите заинтересирани субјекти преку извештаи и состаноци со субјектите.<br><br>Училиштето на своите ученици им дава морална, но и материјална поддршка за оние ученици кои доаѓаат од социјално загрозени семејства преку донирање од страна на соученици, родители, вработните, како и преку организирање на хуманитарни акции во вид на собирни акции на облека, храна, акции во соработка со Општинската организација Црвен крст, доделување помош – училишен прибор од Фондацијата „Чекор по чекор", доделување бесплатни учебници во соработка со МОН, донации од НВО, итн. Изработена е процедура за обезбедување материјални средства за ученици чии семејства се  социјално загрозени.<br><br>Се води политика за безбедно училиште превенција на насилство во училиштето. Училиштето има донесено процедура за начин на реагирање и поднесување на поплаки во случај на насилство за превенција и справување со |

| | |
|---|---|
| | насилство во училиштето, во кој се предвидени мерки за санкционирање на насилничкото однесување на учениците пропишани во Правилникот за педагошки мерки, забрана на насилничко однесување од страна на наставникот, поголема контрола, соработка помеѓу сите субјекти (ученик-наставник-родител), едукативни часови и промовирање знаења и вештини за ненасилство. Може да интервенира и УО преку методи на преговарање и посредување. По потреба се вклучуваат и соодветни институции: Служба за ментално здравје, Социјални грижи, МВР, НВО.<br><br>Во нашето училиште се води и политика за унапредување на здравјето и здравствена заштита на учениците. Училиште има изработено и програма за превенција од заразни болести според која се предвидени предавања од стручни лица, соработка со Институтот за јавно здравство, редовни систематски прегледи на вработените, вакцинирање, соработка со Црвениот крст, одржување на хигиената во работните простории, работилници, донесување на Кодекс за хигиена, подигање на свеста на кај учениците и вработените во однос на хигиената во училиштето. Се изведуваат предавања за здравствена заштита кои ги реализираат медицински лица, матични лекари и стоматолози, наставниците на нивните часови, организирани предавања од локалната заедница, Црвениот крст. Донесена е процедура за превенција и регистрирање појава на алкохолизам, пушење, конзумирање наркотици во која се предвидува одржување работилници, стручни предавања од стручни лица од Центарот за јавно здравје, Црвен крст, НВО, редовно извршување на систематски прегледи, дежурање од страна на наставниците за време на одморите, индивидуални разговори со родители и ученици и советување, барање помош од стручни лица, едукација на наставниот кадар и родителите.<br><br>Со оглед на обемниот број на процедури локалната средина би можела повеќе да се информира за работата на училиштето и нејзиното раководење и управување . Добар начин за постојана информираност е постоење на училишен весник, web страна , обновување на звучната опрема(разглас) во училиштето итн. Со ова би се зголемил имиџот на училиштето . |

## Идикатор 7.3. *Развојно планирање*

<table>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2"><ul><li>Цели на развојното планирање</li><li>Професионален развој/стручно усовршување на кадарот</li><li>Материјално-технички средства</li><li>Инфраструктура</li></ul></td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2"><ul><li>Развоен план на училиштето</li><li>Самоевалуација на училиштето</li></ul></td><td>Нашето училиште е едно од првите училишта во РМ(од 2004г.) во изготвување на развојното планирање,согласно стандардите,начините и процесите на современото работење.<br><br>Развојното планирање содржи јасно дефинирање на приоритетите,целите и задачите,кои директно влијајат на креирањето на училишната политика,а тие се одраз на мисијата и визијата на училиштето.Во креирањето на целите на развојното планирање вклучен е училишниот тим за развојно планирање.<br><br>Во работата на училиштето активно учествуваат и НВО и локалната самоуправа(преку нивната кореспонденција во развојното и годишното планирање) и така допринесуваат за заедничко решавање на училишната проблематика.<br><br>Училишниот тим за развојно планирање е стручно оспособен за работа преку семинари и обуки од ваков вид.Планирањето на развојните цели се базира на податоци од самоевалуација добиени од страна на сите наставници вклучени во тимови по подрачја,од одделенските совети,наставничкиот совет,УО,родителските состаноци.Училиштето се стреми кон успешност во планирањето преку извештаите и анализите на училиштето.<br><br>Реалноста на планирањето се мери преку следните инструменти:анкети,интервјуа,прашалници,барометар на расположението и сл.Училиштето има акциски планови за поставените цели и план за евалуација на постигнатото.Училиштето ги информира наставниците,родителите,учениците за поставените цели,нивното реализирање и ефектот од истите.<br><br>Професионалниот развој и стручното усовршување на наставниците е обврска пропишана со Законот за основно образование(член 91- Службен весник на РМ од 19.08.2008 год.). Поаѓајќи од премислата дека основната дејност на образованието е да делува во насока на подршка на децата и младите и нивното функционирање во модерниот, глобализиран</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • **План за професионален развој** | свет, неопходен е континуиран професионален развој на наставниот кадар во училиштето. Неговите истражувања покажуваат дека способноста, искуството и образованието на наставниците имаат големо влијание врз постигањата и успехот на учениците.Затоа,континуираниот професионален развој на наставниците е најпродуктивното вложување кое може да резултира со подобрување на напредокот и знаењата на учениците. |

| | |
|---|---|
| • **Записници од стручни активи**<br><br>• **Пописни листи** | |

| | |
|---|---|
| • **Интерни акти за постоечки нагледни средства**<br><br>• **Апликации од донации од владин и невладин сектор**<br><br>• **Интерни акти за постоечка инфраструктура** | Тргнувајки од ваквите сознанија , во учебната 2013/2014год, тимот за професуален развој и стручно усовршување на наставниот кадар ги предвиде следниве активности:<br>Едукација на наставници од областа на креативно работење;Обуки од областа Гешталт-напредно ниво; Едукација за работа со деца со потешкотии во учење; едукација за работа со надарени деца.<br>Десиминација на наставници за вештини на комуникација и разрешување на конфликти, користење на веб пребарувачи, Животни вештини и Меѓуетничка интеграција<br>Подршка во зголемување на професионален развој преку изнаоѓање партнери и соработници за материјална, техничка и стручна помош преку обуки и семинари.<br><br>Вработените од нашето училиште, имаат поминато голем број на обуки, семинари, работилници и друг вид на стручно усовршување.<br><br>Досега се посетени обуки за *Развојно планирање*; *Училишна клима*; *Тимска работа и индивидуализација*; Скриен курикулум - можност за намалување на осипувањето*; ДИЕ - модел*; *Мерки на опресија*; *Фактори на ризик во интеркултуларно учење*; *Иницијатива за образование на Роми*; *Подобрување на училиштата; *Унапредување на училиштата*; *Животни вештини од 1-9 одд*; *Катчиња на активност; Соработка со родители; Социјализација*; *Образование за социјална правда*; Позитивна емоционална клима преку креативна комуникација кон подобар успех - Гешталт работилница*; Унапредување на медиумската писменост*; ИКТ во наставата*;*Обука на предметни наставници по предметот физика , хемија , математика, географија за користење Едубунту образовни апликации*; *Сумативно оценување*; *Формативно оценување*; *Вештините по географија во 21 век*; *Седум чекори еко-менаџмент; Интегрирано планирање за еколошка едукација; Имплементација и координирање на еколошки проекти*; Развивање на свест за сексуално здравје преку пограмите на Животни вештини*; Работа со ученици со пречки во психичкиот развој*; *Стратегии и техники на учење*; *Работа во комбинирани паралелки*;*Планирање на наставата*;*Работа со ранливи групи на ученици*;*Спречување и намалување на насилство во училиште* Инклузивно образование*; Професионален развој и компентенција на стручни соработници*; МИО*; Јазична писменост*; I – III одд. Одделенските наставници и педагог Запознавање со нови наставни планови и програми од Кембрич*; и др.<br>Вработените од училиштето се опфатени во обуките или преку директно учество на одредени семинари или преку дисеминација на стекнатите знаења и вештини преку стручните активи, работилници, предавања и сл. Во училиштето. Финансиски средства се обезбедуват преку МОН, владини и невладини организации (СОРОС, УСАИД) и др. |

| | |
|---|---|
| | За работа со деца со пречки во развојот, семинари посетиле само училишниот психолог и двајца наставници од одделенска настава.Од тука се наметнува потребата за едукација и на останатиот воспитно-образовен персонал за работа со деца со пречки во развојот. Идентификацијата на потребите за одреден вид на обука се врши на стручните активи на училиштето. Активностите се одвиват плански, континуирано и во корелација со обврските, потребите и задолженијата на поединците кои се дел од оваа инстиционална установа<br>Од извршените анализи на стручните активи, идентификувани се следните потреби на вработените за подобро извршување на воспитно образовната дејност и тоа:Примена на истражувачка постапка во наставата (18 наставника), Индивидуален и групен пристап при изработка на проектна задача( 20 наставника), Работа со талентирани ученици ( 20 наставника), Работа со ученици со пречки во психичкиот развој (25 наставника).<br><br>Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално – технички средства и континуирано ги планира и обезбедува.- како резултат на тоа е доделувањето на табли во сите училници на кои се пишува со фломастер од страна на министерството за образование и наука.<br><br>Училиштето целосно обезбедува материјални средства за потребите на техничкиот персонал за одржување на потребната хигиена во училиштето.<br><br>Училиштето навремено планира и обезбедува материјално - технички средства и за двете подрачни училишта во с. Долно Којнаре и с. Речица за чистење, варосување, огрев и др.<br><br>Училишната комисија редовно прави попис на сите материјално-технички средства кои ги има нашето училиште и затоа постојат пописни листи.<br><br>Раководните органи на училиштето и вработените многу често соработуваат со различни владини и невладини организации се со цел образованието на учениците да биде поефикасно а учениците да стекнат подобри знаења. Како резултат на оваа соработка оваа учебна година од страна на ФООМ ни беа доделени поголем број на книги со проектот ‟ Книгите велат исти сме ‟.<br><br>Најголем дел од набавка на материјално-техничките средства е на министерството за образование иако има и дел на невладини организации и донации. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето делумно планира и реализира набавка на нови надгледни средства по разни предмети (разни книги, карти, LCD проектори, касетофони и др.) се со цел поуспешно совладување на материјата.<br><br>Училиштето во своите можности целосно води сметка за одржување и поправка на материјално - техничките средства кои ги поседува.<br><br>Раководниот тим заедно со вработените целосно во своите можности водат сметка за подобрување на инфраструктурата како на централното така и на двете подрачни училишта во с. Долно Којнаре и с. Речица.<br><br>Раководниот тим планира и реализира заедно со останатите структури во училиштето одржување, хигиена и затоплување на сите три згради. Редовно се сервисираат, варосуваат, поправаат подови, како и целокупниот инвентар.<br><br>Оваа учебна година беше планирана и целосно реализирана изградба на уште еден објект во нашето централно училиште од страна на владата на Р. Македонија – агенција за млади и спорт а тоа е повеќенаменско спортско целосно затворено игралиште.<br><br>Раководниот тим и вработените во училиштето планираат и во иднина соработка со владини и невладини организации за подобрување на инфраструктурата – посебно на централното училиште – промена на прозорците кои се стари веќе 50 години. |

**Клучни јаки и слаби страни**

**Клучни јаки страни**

1. *Во Училишниот одбор како орган на управување ,постои правична застапеност на сите членови по етничка,полова и национална структура.*
2. *Поставените приоритетни цели во годишната програма се реални и одговараат на потребите.*
3. *Експлицитно избрани приоритетни потреби за учебната 2010/2011 год. кои конкретно би ја подобриле севкупноста на работењето.*
4. *Вработените имаат посетено голем број на обуки.*
5. *Вклученост на учениците во севкупната работа на училиштето преку демократска партиципација на истите.*
6. *Обезбедени доволно нагледни средства како квалитетна поддршка во наставата.*

**Слаби страни**

*1.Современите и неопходните реформи и модерни токови во општественото живеење ,а посебно во образованието се прифаќаат и практикуваат споро и сукцесивно како од Раководниот орган ,така и од поголем дел на вработените.*

*2.Поголема мотивираност ,заинтересираност и вклученост на сите вработени во севкупноста на креирањето на училишната политика.*

*3. Недоволна едуцираност на вработените за поддршка на деца со посебни потреби и талентирани ученици.*

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

*1.Посебно изготвен план за мобилизирање и ажурирање на вработените за извршување на конкретните задачи од предвидените цели од годишната програма, како и план за ажурирње на сите субјекти во оваа установа во вклучување во креирање на училишната политика.*

*2.Потреба од едукација од областа на претприемништво.*

*3.Потреба од едукација за работа со деца со посебни потреби и талентирани ученици.*

**Анализа на резултатите:**

*Strukturata na rakovodewe na O. U. *11 Oktomvri* Kumanovo, e odredena so zakonot za O.O. i e so~ineta od U~ili{en odbor, kako organ na upravuvawe i Direktorot , kako organ na rakovodewe. Vo nea ima pravi~na zastapenost na site ~lenovi po etni~ka, polova i nacionalna struktura.*

*Na{eto u~ili{te ima dve podra~ni u~ili{ta vo selo Re~ica i selo D. Kojnare i istite se vklu~eni vo rakovodnata struktura preku ~lenovite od sovetot na roditeli. Потребите на подрачните училишта се целосно инплементирани во развојното и годишното планирање, како еднаков субјект на матичното училиште. Истите се консултираат преку работата на училишниот тим, како и преку органите на управување и стручните тела*

*Vnatre{nite ~lenovi na U. O. se direktno vklu~eni vo nastavata i na toj na~in gi pretstavuvaat i potrebite i barawata na drugite vraboteni kako i na samite u~enici.*

*Vo izgotvuvaweto na razvojniot plan со целосна одговорност vklu~en e u~ili{niot tim,а делумно и pretstavnici od Sovet na roditeli, NVO, subjekti od lokalnata samouprava.*

*Site zainteresirani subjekti(nastavnici, roditeli,u~enici) se informirani za celite i zada~ite na godi{nata programa preku usvojuvawe na godi{nata programa koja proizleguva od razvojnoto planirawe i toa na sostanocite na u~ili{en odbor, nastavni~ki sovet, roditelski sostanoci a vo поново време i so prezentirawe na god. programa pred Sovetot na op{tinata.*

*Училиштето има кодекс за однесување на учениците и наставниците во училиштето, кодекс за однесување во компјутерска училница, кодекс за однесување на родители,кодекс за однесување во спортската сала.*

*Стручната служба има изготвено норматив за заштита и безбедност на учениците,норматив за дефинирање на сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психолошко,физичко и сексуално насилство.*

*Вработените од нашето училиште, имаат поминато голем број на обуки, семинари, работилници и друг вид на стручно усовршување.*

*За работа со деца со пречки во развојот, семинари посетиле само училишниот психолог и двајца наставници од*

*одделенска настава. Од тука се наметнува потребата за едукација и на останатиот воспитно-образовен перонал за работа со деца со пречки во развојот.*

*Идентификацијата на потребите за одреден вид на обука се врши на стручните активи на училиштето. Активностите се одвиваат плански, континуирано и во корелација со обврските, потребите и задолженијта на поедниците кои се дел од оваа институционална установа.*

*Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува.*

*Идентификацијата за потребите од материјално-технички средства се врши преку анкети, на состаноците на Наставнички совет, Стручните активи и непосредни разговори.*

*Планирањето за набавка на истите го прави Раководниот орган на училиштето, во соработка со сите вработени.*

*Училиштето, во рамките на проектот*Компјутер за секое дете* има добиено соодветна компјутерска опрема.*

*Училиштето, според потреба и согласно на можностите, интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на оваа установа, кои сепак се недоволни за целосно задоволување на потребите од инфраструктурата*

Во изработката на самоевалуацијата учествуваа:

I. Координатор и членови на тимот за самоевалуација на училиштето во подрачје Наставни планови и програми:

Марина Павловска – координатор; Снежана Ристовска; Гордица Крајиновиќ; Елизабета Тодоровска; Вукица Ристовска; Драгица Цветковска и Горица Јеремиќ

II Координатор и членови на тимот за самоевалуација на училиштето во подрачје Постигања на учениците:

Виолета Станковска – координатор; Каролина Стојковска ; Лепосава Пешиќ; Зоран Митрички; Славица Серафимовиќ; Ненад Јакимовски и Јасмина Апостоловска

III Координатор и членови на тимот за самоевалуација на училиштето во подрачје Учење и настава:

Катерина Ѓорѓевиќ – координатор; Катерина Додиќ; Станче Станковска; Марина Стојчевска; Зорица Јакимовска; Емилија Станковска и Елизабета Топшиова

IV Координатор и членови на тимот за самоевалуација на училиштето во подрачје Поддршка на учениците:

Светлана Стојановска – координатор; Маја Ристиќ-Кипријановска; Николина Манојловска; Ивана Мишиќ; Соња Трајковска; Ивана Пешевска и Далибор Антевски

V Координатор и членови на тимот за самоевалуација на училиштето во подрачје Училишна клима и односи во училиштето:

Живка Лазаревска – координатор; Маргица Кузмановска; Љубица Маневска; Габриела Младеновска; Маја Максимовска; Магдалена Јовановска и Дејана Алексовска

VI. Координатор и членови на тимот за самоевалуација на училиштето во подрачје Ресурси

Мерилин Стојчевска – координатор; Јелена Павловска; Весна Кимевска; Зинка Петковиќ; Јасмина Арсовска; Ненад Начковски; Марина Милосављевиќ

VII Координатор и членови на тимот за самоевалуација на училиштето во подрачје Управување, раководење и креирање политика:

Лидија Лазаревска – координатор; Славица Стојчевска; Александар Стефановски; Жаклина Митрушева; Јелена Антиќ и Чедомир Спасовски

Техничка обработка:
Бобан Ничевски